ОЕМУЦ
Св. Наум Охридски
Охрид, Македонија

Г О Д И Ш Е Н И З В Е Ш Т А Ј

ЗА РАБОТА НА УЧИЛИШТЕТО ВО УЧЕБНАТА 2025/26 ГОДИНА



Охрид, Август 2026 година

ВОВЕДНИ НАПОМЕНИ

Изготвувањето на Годишниот извештај за воспитно - образовната работа на ОЕМУЦ “Св.Наум Охридски“ - Охрид, поаѓа од:

- законските обврски што се реализираа во текот на учебната 2025/26 година и се дадени со наставните планови и програми;
- конкретизација и операционализација на обврските и задолженијата на стручните органи и тела кои функционираат во училиштето.

Општинскиот Електро-машински училиштен центар организираше и изведуваше перманентен воспитно - образовен процес за повеќе образовни профили и степени на образование. Во Центарот се верифицирани и работат три степени на образование: III, IV и V степен и четири струки: електротехничка, машинска, сообраќајна и лични услуги.

Во рамките на електротехничката струка се изведуваше настава за следните образовни профили со четиригодишно траење на образованието:

- електротехничар-енергетичар;
- електротехничар за електроника и телекомуникации;
- електротехничар за компјутерска техника и автоматика.
- техничар за индустриска мехатроника

Во рамките на машинска струка се изведуваше настава за следните образовни профили со четиригодишно траење на образованието:

- машински техничар за моторни возила;
- техничар за производно машинство;
- машински техничар за компјутерско управување;
- машински техничар.

Во рамките на сообраќајната струка се изведуваше настава за образовниот профил техничар за патен сообраќај со четиригодишно траење на образованието.

Во рамките на лични услуги се изведуваше настава за образовниот профил техничар за козметичка нега и убавина/козметички техничар.

За III степен оваа учебна година не се изведуваше настава, додека за V степен од електротехничката и машинската струка се организира консултативна настава.

I ОПШТИ МАТЕРИЈАЛНО-ТЕХНИЧКИ УСЛОВИ И НАСТАВЕН КАДАР

Училиштето располага со свој училиштен простор кој се наоѓа во две згради и спортска сала и истиот го користи самостојно.

Наставата за сите ученици се одвиваше во смени, и тоа прва смена: учениците од прва и трета година а втора смена, учениците од втора и четврта година

Вкупниот број на наставен кадар вклучен во воспитно-образовниот процес се 59 наставници кој според степенот и видот на стручната подготовка одговара на законските нормативи. Во воспитно-образовниот процес вклучени се и тројца стручни соработници и тоа: психолог, педагог и библиотекар.

II ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ ВО УЧИЛИШТЕТО

А) НАСТАВА

Наставата започна на 01.09.2025 година и заврши на 10.06.2026 година, а за учениците од завршните класови на 15.05.2026 година.

Во текот на наставната година се реализираа 180 наставни денови а за учениците од завршните класови 164 наставни денови. Во текот на целата учебна година се изведуваше настава по сите предмети кои беа предвидени со наставен план.

Во однос на планирањето на наставата по сите предмети беше изготвен годишен глобален план, како и тематски планирања кои се предаваа во педагошко-психолошката служба и истите беа проверувани од страна на директорот на Центарот. Дневните планирања предметните наставници ги изработуваа дневно и неделно и повеќето ги праќаа на е-маил адреса на училиштето што овозможи непречен увид врз истите од страна на директорот , стручната служба и инспекторатот.Од увидот во педагошката документација и изјаснувањата на предметните професори на Наставничките совети на паралелките се констатира дека наставната програма е реализирана. Во текот на учебната година беа изведени писмени работи и програми по сите предмети по кои тоа со наставен план е предвидено.

Покрај писмените работи и усното испрашување се применуваше и тестово проверување. Покрај тоа по одделни предмети се изработуваа и чек-листи на активностите на час, досие на учениците, дневници за работа по предметот учење преку работа кај работодавач и за изведување на феријалната пракса.

Во текот на наставната година на учениците им беа ставени најмалку две оцени за прво и две оцени за второ полугодие, како и полугодишни и годишни оцени.Оценувањето се изведуваше транспарентно за време на наставните часови.

Профилот Техничар за производно машинство од машинската струка и техничар за индустриска учениците од четврта година со успех го завршија образованието.

Оваа учебна година имаше :државната матура,државна стручна матура и училишна стручна матура.Државната и државно стручната се полагаше екстерно по 2 предмети, 2 предмети интерно и проектна задача во утврдени термини на полагање.
Од екстерните предмети на државна матура 2 ученици не го положиле испитот по македонски јазик и литература,5 ученици не го положиле испитот по англиски јазик и 2 ученици не го положиле испитот по математика.

И оваа година по петти пат се спроведе завршниот испит по германски модел за учениците од образовниот профил Техничар за индустриска мехатроника. Овој испит се состои од два дела и тоа теоретски дел кој се состои од 23 прашања и 6 задачи и практичен дел кој се состои од склопување на мехатронички сетови и пуштање во работа. Прашањата за теоретскиот дел и задачата која ученикот ќе ја реализира во практичниот дел се добиени од од Германија, преведени и прилагодени за дуалниот модел во нашиот образовен систем. Шест (6) ученици го положиле испитот целосно. Секој ученик кој ќе го положи овој испит добива сертификат.

За профилот Техничар за производно машинство од машинската струка исто така се спроведе завршниот испит по германски модел и ученици 2 ученици го положиле комплетно испитот (и теоретски и практичен дел)а 2 само практичниот дел.

Во рамките на класните часови се изведуваше програмата за животни вештини која е започната со употреба од учебната 2025/26 година, а за чија реализација класните раководители на почетокот на наставната година изготвија и доставија

Годишен план и програма за изведување на активностите од Образование за животни вештини.

Оваа учебна година се реализираше Програмата за Кариерно советување со активности по програма, а ја реализираа Мануела Јанкоска-Брдароска и Борка Секулоска Вретоска.

Во рамките на Кариерното советување,учениците беа запознати со начинот на подготвување на CV, мотивациони писма, презентација на училиштето, начини за барање работа на пазарот на трудот,индивидуална помош преку советување при изборот на идната професија, итн.

Во насока на подигнување на квалитетот на наставата, учебната 2025/26 година ,од страна на директорот и стручните соработници беше извршена посета на наставните часови кај сите предметни прпфесори , а улогата на посетата беше советодавна и поддржувачка особено на колегите приправници.

Од оваа учебна година во нашиот Центар има двајца Копрдинатори за предметот Учење преку работа кај работодавач и тоа Наташа Јанкоска Китани и Марија Настоски кои во рамки на нивните ингеренции и работни задачи контактираа со претпријатијата во кои учениците ја изведуваат наставата за предметот УПР и беа карика помеѓу претпријатијата и предметните професори кои го изведуваат предметот.

Оваа учебна година со звање Наставник ментор се здоби проф. Наташа Гредоска - проф. по сообраќајна група предмети.

Оваа учебна година сите наставници уредно ја водеа педагошката евиденција во Електронскиот дневник, а ЕМИС администратори беше проф: Крстинка Здравеска – Исијаноска.

Активностите на Кариерниот Центар и Младинската организација беа презентирани на МАССУМ – Образовно рандеву.

Годишен извештај за работа на кариерниот советник/кариерните советници за учебната 2025/2026 година ВО ОЕМУЦ „Св. Наум Охридски"-Охрид

Во согласност со член 31-б од Законот за средното образование и согласно Правилникот за начинот на кариерното советување и избор на кариерен советник на учениците директорот на училиштето во тек на месец јуни ги назначи професорите по англиски јазик Мануела Брдароска Јанкоска и Борка Секуловска Вретовска за кариерни советници во училиштето со половина работно време со решение за кариерни советници за 2025/2026. Во текот на месец август 2025 воедно беше формиран и тимот за кариерно советување во училиштето со следните членови- Билјана Божиновска професор по граѓанско образование, Ирена Ралева Најдовска професор по македонски јазик и литература Ангелина Филкоска Соколовиќ психолог во училиштето и Анастасија Трифуноска педагог во училиштето. Во соработка со тимот за кариерно советување беше изготвена и поднесена годишната програма и план за работа на кариерните советници во центарот во рамките на годишната програма на училиштето за учебната 2025/2026 година.

Со почетокот на наставата следуваше информирање на учениците и родителите за постоењето на кариерниот центар и планираните активности на учениците во сите паралелки, како и на родителските средби преку раководителите на паралелките. За таа цел беа изработени постери за кариерното советување и поставени на соодветни места за таа намена во училиштето.Формирањето на групите на ученици вклучени во кариерното советување се спроведуваше во текот на месец септември и почетокот на октомври со обезбедена писмена согласност од страна на нивните родители.Почетните средби беа со цел да се запознаат учениците со целите за кариерно советување, што е кариера и кои бенефити би ги добиле од ова советување во текот на образованието во самото училиште, во понатамошното образование и особено при изборот на нивната кариера и барањето на работа. Потоа се премина на реализација и постепена примена на плановите за активности - работилници, инфо-сесии, индивидуални и групни средби, соработка со родители, локални компании, институции и универзитети, вклучени претставници од стопанството/бизнисот во

кариерни денови, практична настава и работилници кое доведува до зголемена поврзаност на училиштето со заедницата и подобрена видливост на кариерните активности.

Во однос на соработката со стопанството беше реализирана Работилница- Вештини за успех- АД Пивара Скопје во две сесии едната беше реализирана на 3 октомври 2025 со ученици од трета година и една на 9 октомври 2025 година со ученици од четврта година и за тоа учениците добија соодветни сертификати за учество во овие работилници. Во текот на октомври и ноември беа спроведени групни работилници на тема Самоспознавање и самопроценка и друга работилница на тема - Што знам добро да работам.

Во ноември се реализираа две средби со професионалци експерти од нивната област
- првата средба со Наум Шапкаровски електроинженер, фриленсер/бизнисмен, таа средба беше наменета за учениците од електротехничката струка
- втората средба беше реализирана со Магдалена Делева Милевска машински инженер во автомобилскиот сектор -(Senior SAP consultant) во Kostal Охрид за учениците од машинската струка.

-Во март се одржа и уште една средба со професионалец првенствено наменета за учениците од сообраќајната струка со Игор Смилевски наш поранешен ученик, сега раководител -безбедност и криминалистика, началник на СВР Охрид.

- Во април се реализира уште една интересна средба со професионалец наменета за учениците од профилот за лични услуги, Александра Китрозоска-наша поранешна ученичка, а сега успешно раководи со сопствен салон за убавина и воедно обучува и нови кадри/стажанти.

Во декември група ученици од завршните класови беше во посета на саемот за кариера во организација на Универзитет за информатички науки и технологии „Св Апостол Павле“-Охрид.

Во периодот од декември до февруари/март се одржаа групни советувања со ученици од втора, трета и четврта година на следните теми: Меки вештини, кратка работна биографија, мотивациско писмо, апликација за работа, кариерен акционен план.

Во март учениците ги презентираа нивните активности во Еразмус проекти пред странски визитинг професори во соработка со Младински Центар -Охрид.

Во мај се интензивираа инфо сесии и разговори со матурантите околу претстојните активности и можности за студирање и кариера.

На 22.05.2026 година во ОЕМУЦ „Св. Наум Охридски" – Охрид се одржа Ден на отворени врати за учениците од завршните одделенија од основните училишта во Охрид. Посетителите имаа можност да се запознаат со сите струки и профили кои се изучуваат во нашиот центар . На учениците им беа презентирани просторните услови за теоретска настава, и воедно се разговараше и за реализација на пракса/феријална пракса, како и тоа кои можности за кариера ги имаат во иднина на пазарот за труд кој секојдневно се менува и е се подинамичен.

Кариерните советници присуствуваа на следните обуки:

- „Зајакнување на вештините на стручните соработници за советување за професионална и кариерна ориентација кај учениците"од подрачјето Работа со учениците на основни професионални компетенции 8 часа (октомври 2025);
- Воведна обука за кариерно советување во средните училишта (3 часа) ноември 2025;
- Национална почетна конференција- Подготви се за работа преку кариерно насочување (20 април 2026);
- „Напредни техники и алатки за кариерно советување и за индивидуално насочување и поддршка на учениците" 18 часа (11-13 мај-СТРУГА).

ПРАКТИЧНА НАСТАВА/ УЧЕЊЕ ПРЕКУ РАБОТА КАЈ РАБОТОДАВАЧ И ФЕРИЈАЛНА ПРАКСА

Организација на практичното образование

Практичното образование во училиштето се реализира преку учење преку работа кај работодавач (УПР), феријална практика и практична настава во училишни кабинети и лаборатории, согласно наставните планови и програми. Учењето преку работа кај работодавач се реализира во текот на целата учебна година, заклучно со 10 јуни, додека феријалната практика се реализира во периодот од 11 јуни до 31 август.

Ментори кои се ангажирани

Во реализацијата на УПР училиштето соработува со 60 компании од различни стопански дејности. Во секоја компанија е ангажиран ментор, кој непосредно ги насочува и обучува учениците, додека од страна на училиштето учениците континуирано ги следат предметни професори, кои ја координираат реализацијата на практичната настава, го следат напредокот и соработуваат со работодавачите.

Ученици кои се вклучени во УПР

Во учење преку работа кај работодавач се вклучени ученици од машинската, електротехничката, сообраќајната струка и лични услуги, согласно наставните планови и утврдениот распоред за реализација на практичната настава.Периодот на вклученост за УПР е цела учебна година (заклучно со 10 јуни), а после 10 јуни започнува феријалната пракса која трае различно за сите образовни профили согласно наставните планови и програми.

Компании и институции со кои соработува училиштето

Училиштето воспоставува успешна и континуирана соработка со партнерските компании, кои обезбедуваат реални работни услови, современа опрема и можност учениците да стекнат практични знаења и професионални искуства. Поголеми компании со кои соработува нашето училиште се: Костал, ОДВ, ЕВН, Братство...

Начин на следење и оценување

Следењето и оценувањето на учениците се реализира преку дневници за практична работа, извештаи, редовна комуникација помеѓу менторите и предметните професори, како и континуирано следење на постигнатите резултати и развојот на професионалните компетенции.По насока на ЦССО се изработуваат формулари за оценување од страна на менторите и предметните професори. За следењето на учениците се изготвуваат извештаи од страна на професорите и координаторите.

Резултати и придобивки

Практичното образование значително придонесува за развој на стручните знаења, практичните вештини, работните навики и професионалните компетенции на учениците. Преку непосредна работа во реална работна средина се зајакнува поврзаноста помеѓу училиштето и стопанството, а учениците стекнуваат компетенции што се применливи и конкурентни на пазарот на труд.

ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ПОСЕТА НА КОМПАНИИ
Учебна 2025/2026 година

Училиште: ОЕМУЦ Св. Наум Охридски
Координатор: Наташа Јанковска Китани
Координатор: Марија Настоски

Во текот на учебната 2025/2026 година беа реализирани повеќе координативни состаноци и посети на компании, установи и деловни субјекти со кои училиштето соработува во рамките на УПР. Посетите беа насочени кон следење на редовноста, дисциплината и ангажираноста на учениците, квалитетот на практичната настава, координацијата со менторите и професорите, како и унапредување и проширување на соработката со компаниите.

Септември 2025

На 09.09.2025 се одржаа состаноци во КОСТАЛ и ЛЕАРНИЦА, на кои се разговараше за бројот и распоредот на учениците, дисциплината, начинот на реализација на УПР и правилата за посети на професорите. На 17.09.2025 во ЕВН се одржа координативен и информативен состанок со цел подобрување на дисциплината и интересот на учениците од четврта година, како и поголема строгост во пополнувањето на дневниците и ангажираноста.

На 18.09.2025 беа одржани состаноци во МАГНА и ОДВ, со акцент на подобрување на координацијата меѓу професорите, учениците и менторите, како и на можностите за

учениците по завршување на средното стручно образование. На 23.09.2025 беа посетени фризерските салони Лејла и Фиснике, како и автошколите БЛЕГ и ЈОЛЕ, при што менторите изразија задоволство од учениците и професорите. На 25.09.2025 беа посетени БРАСТВО ИНОХ, Авто сервис ИГОР, Козметички салон ИЗИДА и ЖИТО ЛЕБ; заклучокот беше потреба од поголема активност, редовност и посветеност. На 29.09.2025 беа посетени Електор и INO SPEKTAR. Во Електор учениците и професорите беа пофалени, со забелешка дека треба да се намали бројот на ученици поради ограничен простор, а INO SPEKTAR ја продолжи соработката.

Октомври 2025

На 02.10.2025 беа посетени Здружението на возачи и АМД, каде беа утврдени потреби за подобрување на практичната настава, ангажираноста и условите за работа со учениците. На 03.10.2025 беа посетени Авто сервис Бојан, Авто сервис Сајмон и Авто сервис Златни Зраци, при што беше укажано на потребата од подобрување на дисциплината и мотивацијата. На 04.10.2025 беа посетени Ариазоне и INO SPEKTAR; во Ариазоне се разговараше за можност за зголемување на бројот на ученици, а во INO SPEKTAR состојбата беше оценета позитивно.

На 05.10.2025 и 07.10.2025 беа одржани состаноци во ДАСС поради недисциплина, при што беа преземени соодветни педагошки мерки и донесена одлука за прекин на договор со еден ученик. На 07.10.2025 беа посетени козметичките салони Клеопатра, Силвија, Гордана и Василаки; учениците генерално беа оценети како дисциплинирани, со потреба од поголема мотивација. На 10.10.2025 во Леарница се разговараше за постапување при прекршување на кодексот на однесување. На 14.10.2025 авто сервисите Номче, Ристе и Дебрца Експрес дадоа позитивни оценки за учениците. На 16.10.2025 беа посетени Ал плас, Фриго плас и Гир-Риг, при што Гир-Риг понуди можност за зголемување на бројот на ученици. На 17.10.2025 во МАГНА се усогласија мерки за поголема дисциплина и мотивација. На 20.10.2025 и 25.10.2025 беше извршено собирање и класифицирање на документацијата за УПР, а на 30.10.2025 повторно беше посетен Гир-Риг, со понуда за проширување на соработката.

Ноември 2025 – Април 2026

Во доставениот извештај за ноември се наведуваат активности од 04.10.2025, кога беа посетени Ариазоне и INO SPEKTAR, како и координативни состаноци во ДАСС на

05.10.2025 и 07.10.2025 поврзани со дисциплината на учениците и преземање педагошки мерки. Овие активности се земени предвид како дел од континуираното следење на УПР во текот на учебната година.

На 28.01.2026 беа посетени нови компании GMT Tehnology, Interlogistics и FEDS со цел отворање можности за идна соработка, особено за ученици од машинската и сообраќајната струка. На 29.01.2026 во КОСТАЛ се одржа вонреден состанок за учениците од четврта година и можностите за нивно вработување по завршување на средното образование. На 05.02.2026 беа посетени Браство, Ѓејм Имобиларе и Автосервис Бојан, при што беше потврдена редовноста на учениците и разговарано за зголемување на бројот на ученици во иднина. На 10.02.2026 беа посетени Авто школа Старс и Јонгис, каде учениците и професорите беа оценети како редовни и ангажирани. На 13.02.2026 во училиштето се одржа настанот „УЧИ ПАМЕТНО РАБОТИ СТРУЧНО", со учество на компании и разговор за значењето на компаниите во дуалните паралелки. На 19.02.2026 беа посетени Автосервис Сајмон, Автосервис Златни Зраци, Жито леб и студио S-lady, при што беше констатирана одлична соработка и редовна реализација на УПР.

На 09.03.2026 во ДАСС се одржа вонреден состанок за ученици кои не ги почитувале правилата на компаниите. На 10.03.2026 беше посетен АМД, со акцент на поголема ангажираност на учениците, а во Авто школа Јоле беше потврдена одличната соработка. На 16.03.2026 беа посетени фризерските салони Перфекта и Ева Марија во Струга, а на 23.03.2026 салоните Ива Гламур и Кате; работодавачите беа задоволни и заинтересирани за продолжување на соработката. На 30.03.2026 беше посетен Авто сервис АЦЕ, каде беше констатирана добра соработка и дисциплинираност на учениците. На 06.04.2026 во БРАТСТВО се одржа координативен вонреден состанок на кој беше потврдена соработката и за наредната учебна година.

Заклучок

Од реализираните посети и состаноци може да се заклучи дека соработката со најголем дел од компаниите е добра и континуирана, а учениците во повеќе компании се оценети позитивно во однос на дисциплината, редовноста и ангажираноста. Истовремено, во дел од компаниите се идентификувани потреби за поголема мотивација, подобра организација на работните задачи, почеста координација со менторите и подобри услови за практична работа. Во текот на годината се преземаа

конкретни мерки за подобрување на дисциплината и се отворија можности за проширување на мрежата на компании и зголемување на бројот на ученици. Посебно значајни се понудите за продолжување и проширување на соработката, како и можностите учениците по завршување на образованието да продолжат како потенцијални работници во компаниите.

Б) УЧЕЊЕ ПРЕКУ РАБОТА КАЈ РАБОТОДАВАЧ

Учењето преку работа кај работодавач се одвива во II, III и IV година електротехничка струка, II,III,IV -техничар за индустриска мехатроника, , II,III,IV година машински техничар, техничар за производно машинство,техничар за компјутерско управување,II, III и IV техничар за моторни возила, II,III,IV сообраќајна струка и II,III,IV лични услуги во претпријатија со кои училиштето има склучено меморандуми и договори.Практичната настава за дел од учениците се изведуваше во нашите работилници на училиште, а останатите учениците одеа во организации и претпријатија каде што тоа можеа да го изведат, видат и направат. ОЕМУЦ„Св.Наум Охридски"-Охрид од 01.09.2018 година започна со реализација на проектот за „Дуално образование" во соработка со партнер компаниите Костал,ОДВ-Електрик и ЛТХ-Леарница а од 2021/22 учебна година и со компанијата Магна и тоа со профилите Техничар за индустриска мехатроника од електротехничка струка и Техничар за производно машинство од машинската струка како и од Техничар за патен сообраќај,која соработка се прошири и за другите профили од електротехничка и машинска струка.

Во текот на годината одржани се повеќе средби со менаџментот на фирмите во нивните простории како и во училиштето преку соработка околу начинот на реализација на практичната настава, успехот на учениците, презентации за можностите на учениците по завршувањето на средното образование.

Соработката ќе е преку зголемената практична обука која ќе се изведува во компании, со цел практична интеграција на знаењата , вештините и компетенциите од

областа на електрониката, машинството и информатиката, односно образованието преку концептот – учење преку практична обука игра клучна улога.

За изведување на учење преку работа кај работодавач и практичната настава нашето училиште има склучено договор и со следните претпријатија:

Податоци за компании со кои училиштето има склучено меморандум за соработка

Назив на компанијата	Сектор /област на работа	Датум на потпишување на меморандум	Временска важност (од–до)
1.ПИТОН 200-ОХРИД	Приватно обезбедување, алармни системи и техничка заштита	09.06.2025	
2. ФИ-ЕЛ ЛЕС 2020	Електроинсталации	09.06.2025	
3. ИНФОБИРО	ИТ сектор	09.06.2025	
4. ЈОНГИС Охрид	Компијутерска опрема и ИТ услуги	09.06.2025	
5. МАКСИПРИНТ КОМПЈУТЕРИ	Компијутери, мрежна опрема, сервис	02.06.2025	
6. Алтра-САТ 2000	Кабелска телевизија и телекомуникации	09.06.2025	
7. ЛТХ ЛЕАРНИЦА ДООЕЛ	Маталургија-леарница	02.06.2025	
8. Магна	Автомобилска индустрија	23.07.2024	
9. Браство Инох	Метална индустрија	24.09.2025	
10. Дасс Инжинеринг	Електроенергетика-електроопрема, индустриски инсталации и автоматизација	24.09.2025	
11. Турист Инжинеринг	Електроматеријали, водовод,	24.09.2025	

	греење, градежна опрема...		
12. ОДВ-Електрик ДООЕЛ	Автомобилска индустрија	26.06.2025	
13. Алпласт ДООЕЛ	Производство на пластични прозиводи и ПВЦ галантерија	16.06.2025	
13. Фриго-Пластика ДООЕЛ	Производство и преработка на пластични производи	10.06.2025	
15. ГИР-РИГ	Производство на мебел и енетериер	10.06.2025	
16. АМД технички преглед на возила ДОО	Технички преглед на моторни возила и регистрација	07.06.2024	
17. Авто школа БЛЕГ	Обука на кандидати за возачи	07.06.2024	
18. Авто школа СТАРС	Обука на кандидати за возачи	07.06.2024	
19. Авто школа ЈОЛЕ	Обука на кандидати за возачи		
20. АД ГАЛЕБ	Патен транспорт	07.06.2024	
21. СТД СИВ	Обука на кандидати за возачи	07.06.2024	
22. Центар за возила ДОО	Технички преглед на моторни возила и регистрација	07.06.2024	
23. Електромонтажа Ристески	Електроинсталации	17.10.2025	
24. ЕВН	Дистрибуција и снабдување со ел.енергија	25.09.2024	
25. Цар Транс	Транспорт и логистика	23.09.2024	
26. Сервис Биро 2БМ	Сметководствени,административни и книговодствени услуги	06.10.2025	
27. Иноспектар ДООЕЛ	Прехрамбена индустрија и технички испитувања	05.11.2025	
27. КОСТАЛ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ	Автомобилска индустрија	26.06.2025	
28. "Beauty salon Esra" Охрид	Фризерски салон	25.09.2025	
29. Фиснике" Охрид	Фризерски салон	25.09.2025	
30. "Лејла" Охрид	Фризерски салон	25.09.2025	
31. "Smates" Охрид	Информатичка технологи	02.06.2025	
32. "Ohridsky"	Дигитален маркетинг, графички	03.06.2025	

	дизајн		
33. "Астра Дизајн"	Графички дизајн и рекламен материјал	02.06.2025	
34. ИнфоБиро	ИТ сектор софтвер	27.10.2025	
35. Ајрон Гејт Дооел	Компијутери, мрежна опрема, сервис	06.10.2025	
37. ГУГО ДОО	Рекламен материјал	27.10.2025	
38.ООО ДИЗАЈН-ПРИНТ СТУДИО	Дизајн и печатење	27.10.2025	
39. ГРАНИТХ	Градежништво	27.10.2025	
40. Автосервис АЦЕ	Автосервис и поправка на моторни возила	09.09.2025	
41. Автосервис Марио	Автосервис и поправка на моторни возила	09.09.2025	
42. Автосервис Манце Струга	Автосервис и поправка на моторни возила	16.06.2025	
43. Автосервис Златни зраци	Автосервис и поправка на моторни возила	09.09.2025	
44. Авто Нет 2017	Автосервис и поправка на моторни возила	25.12.2025	
45. Дебрца Експес Охрид	Патен транспорт и логистика	17.06.2025	
46. Јас,тате и бате	Електроинсталации		
47. Дим Инокс	Производство на производи од инокс	17.06.2026	
48. АЛ-ДО	Сервис и продажба на автомобили	17.06.2026	
49. Коста Абраш	Печатница	16.06.2026	
50. Заче Транспорт	Транспорт и логистика		
51. Електрон	Сервис за електроника		
52. Електор	Сервис за електроника		
53. МВР Охрид	Државна управа- Полиција		
54. ДУ-ЕЛ-МА	Електроинсталации и електроматеријали		

55. ЕЛ-ИН-САНТ	Електроинсталации		
56. ПАП	Светлечки реклами		

В) ФЕРИЈАЛНА ПРАКСА

Учениците од училиштето изведуваат феријална пракса во траење по наставен план и програма за струките и профилите во кои учат за што доставуваат потврда при уписот во наредната учебна година. Феријалната пракса учениците ја изведуваат во претпријатија, со кои училиштето склучува договор.

Оваа учебна година феријалната пракса се изведуваше генерално во претпријатијата во кои се изведува и учење преку работа кај работодавач со кои училиштето има склучено меморандум, но и во други претпријатија, козметички и фризерски салони како и работилници и автосервиси во зависност од потребите и можностите.

Г) СОДРЖИНИ ПРОГРАМИРАНИ ОД УЧИЛИШТЕТО

Ова учебна година, учениците од прва година реализираа содржини по Светско наследство во рацете на младите со проф.Ива Стрезоска Кичеец и проф.Климент Спасески.

Д) ДОПОЛНИТЕЛНА НАСТАВА

Дополнителната настава се организираше по сите предмети по кои учениците имаа слаб успех, недоволни оцени и за кои покажаа потреба од организирање. Предметните професори на почетокот на учебната година предадоа план за нејзино изведување, а распоредот со часови на изведување по предмети и професори беше истакнат на јавно место во наставничката канцеларија.

Реализацијата на планот од дополнителната настава е евидентирана во дневникот за работа.

Ѓ) КОНСУЛТАТИВНА НАСТАВА

Консултативната настава за полагање на државната матура се организираше во текот на учебната година како и пред полагање на државната матура и тоа од 18.05.2026 година до 29.05.2026 година како и за поправните испити во јунскиот испитен рок и од 15 до 23.06.2026 година за учениците од прва, втора и трета година на четврти степен. Во августовскиот испитен рок консултативната настава за поправните испити се организираше во периодот од 11 до 20.08.2026 година.

За вонредните ученици консултативната настава се изведуваше пред секоја испитна сесија.

Е) ПРОЕКТИ

Проф. Јорданка Недеска Симициоска

1. Erazmus+ проекти:

   - **„ A Stem Approach Bridges Between Countries: Understanding Natural Disasters and Climate Change with an Educational and Instructive App Design“**

- Мобилност и активности во рамките на проектот во Крајова, Романија (6-10.10.2025)
- Мобилност и активности во рамките на проектот во Охрид, Македонија (24-28.11.2025)

- **„ Дуално образование за успех: Истражување на ефективни стратегии во образованието и обуката"**
  - Мобилност и активности во рамките на проектот во Велење, Словенија (2-11.2.2026)
  - Обука на тема Latest Digital, ICT & AI Solutions for Educators: Transform Teaching with Technology, ChatGPT, DeepSeek, Multimedia, Storytelling, Game-Based Learning & Smart Assessment Strategies во рамките на проектот во Сплит, Хрватска (22-26.6.2026)
- **„ Upcycling patterns "**
  - Мобилност и активности во рамките на проектот во Истанбул. Турција (7-11.4.2026)

2. Ryco проект:

- CRAFTROOTS
  - Мобилност и активности во рамките на проектот во Сараево, БиХ (15-19.12.2025)
  - Мобилност и активности во рамките на проектот во Охрид, Македонија (30.3-3.4.2026)

3. eTwinning проекти:
   - Know Disaster Now Disaster (A Stem Approach Bridges Between Countries: Understanding Natural Disasters and Climate Change with an Educational and Instructive App Design)
   - AI&I
   - Mapping Our Heritage
   - 1000 Cranes of Peace – Languages and Skills for Life
   - MEDIA REMIX LAB

- Lifescape
- ROOTS and SPROUTS- My Climate Heritage

Проф. Ирена Ралева-Најдеска

- **Од 7.3.2026 до 13.3.2026 г.,** учество во Еразмус проект Erasmus + S.T.A.R.S. project (Support, training and assistance to build real world skills for youth), насочен кон унапредување на менторските компетенции и зајакнување на поддршката на младите кој се одржа во Siracusa, Сицилија. Во рамки на проектот беше укажана можност за запознавање со нови пристапи и практични алатки кои придонесуваат за поефикасна работа со младите и претставува значаен чекор во унапредувањето на активностите на ЛМО.
- **Од 1 до 5 јуни 2026 г.** во Португалија (Lisabon и Santarem) се одржа Erasmus+ проект, за инклузија и интеграција на младите во своите заедници. Во рамки на проектот беа посетени младинскиот центар на домаќините, разглед на градот Сантарем, реката Тежу и посета на повеќе историски знаменитости, меѓу кои и црквата Igreja da Graça – една од најпознатите и најзначајни знаменитости во Сантарем. Преку активностите се стекнаа нови знаења, контакти и идеи за понатамошна работа со младите. Ова искуство претставува значаен придонес за идните активности и меѓународната соработка во младинскиот сектор.

проф. Љупчо Балески

1. Erazmus+ проекти:

- **„ A Stem Approach Bridges Between Countries: Understanding Natural Disasters and Climate Change with an Educational and Instructive App Design"**
    - Мобилност и активности во рамките на проектот во Крајова, Романија (6-10.10.2025)
    - Мобилност и активности во рамките на проектот во Охрид, Македонија (24-28.11.2025)
- **„ Дуално образование за успех: Истражување на ефективни стратегии во образованието и обуката"**

- Мобилност и активности во рамките на проектот во Велење, Словенија (2-11.2.2026)
- Обука на тема Latest Digital, ICT & AI Solutions for Educators: Transform Teaching with Technology, ChatGPT, DeepSeek, Multimedia, Storytelling, Game-Based Learning & Smart Assessment Strategies во рамките на проектот во Сплит, Хрватска (22-26.6.2026)

- **„ Upcycling patterns "**
  - Мобилност и активности во рамките на проектот во Истанбул. Турција (7-11.4.2026)

2. RYCO проект:

- CRAFTROOTS
  - Мобилност и активности во рамките на проектот во Сараево, БиХ (15-19.12.2025)
  - Мобилност и активности во рамките на проектот во Охрид, Македонија (30.3-3.4.2026)

3. eTwinning проекти:

- Matematicka kriptografija kao temelj digitalne sigurnosti
- C.L.I.C -Citizenship, Learning, Inclusion, Cooperation
- Sustainable intelligence
- Life skills for well-being
- The mathematics of drops: saving water with numbers
- Know Disaster Now Disaster (A Stem Approach Bridges Between Countries: Understanding Natural Disasters and Climate Change with an Educational and Instructive App Design)
- Upcycling patterns

Проф. Сања Јованоска

1. Erazmus+ проекти:

- AI &SUSTAINABILITY IN VET EDUCATION : (17 септември 2025 – 30 мај 2026)
  - Националната работилница за репликација на AI-SAVES
  - Пакети со Raspberry Pi микрокомпјутери и придружна опрема
  – Создавање AI-SAVES клубови во стручните училишта
  - Лансирање на онлајн натпревар AI-SAVES4ALL.

Стручна служба (психолог Ангелина Филкоска-Соколовиќ и педагог Анастасија Трифуноска)

1.Проект „ Здрави врски – основа за ментално здравје,, во организација на здружение ,, Доверба,, Куманово и соработка со Екуменска иницијатива на жени- Омиш, Република Хрватска.

Во проектот учествуваа четири училишта и тоа две од Охрид и две од Куманово, а се реализираше во период од март до јуни 2026.

Ж) ДОДАТНА НАСТАВА

Додатната настава се организира за учениците кои покажаа интерес за тоа. Целта на истата е да се подготват за натпревари што традиционално се организираат од страна на заедницата на Електромашинските училишни центри на ниво на Републиката, како и за подготовка за полагање на завршен испит и државна матура .

Предметните професори на почетокот на учебната година предадоа план за нејзино изведување а распоредот со часови на изведување по предмети и професори беше истакнат на јавно место во наставничката канцеларија.

Ученици и нивни ментори кои освоиле награда на општински,регионални, државни и меѓународни натпревари:

На ден 9 мај 2026 година. во Скопје се одржа државниот натпревар по англиски јазик, каде учениците:

-Кирил Крстески, ученик од трета година, освои втора награда под менторство на проф. Мануела Брдароска-Јанкоска.

-Дарко Митрески, ученик од втора година, се закити со трета награда, под менторство на проф. Борка Секулоска-Вретоска.

На ден 20.05.2026 година учениците од ОЕМУЦ "Св.Наум Охридски" освоија прво место од општинската лига во Одбојка за средни училишта во машка конкуренција и трето место од општинската лига во Одбојка за средни училишта во женска конкуренција под менторство на професорот Ацо Чашитовски.

Во учебната 2025/2026 година се одржаа повеќе натпревари, а постигнати се следниве резултати:

- Регионален натпревар во вештини Skills Competition кој оваа година Здружението на ЕМСУ на Македонија ги организира по прв пат како дел од активностите на Проектот, насловен како „Поттикнување на практични и професионални вештини кај учениците за Skills Competition во духот на EuroSkills“, финансиран од Европска Унија и имплементиран од Занаетчиска комора Скопје, на ниво на државата, одржан на 13.03.2026 г. во Охрид:

I место Васко Чуркоски во дисциплината Електротехничар-енергетичар
Ментори: Горан Јанковски и Марија Настоски
II место Владимир Калаоски во дисциплината Електротехничар за компјутерска техника и автоматика
Ментори: Ацо Вретоски и Гоце Ѓорѓиевски.

- регионалните натпревари за учениците од електротехничката, машинска и сообраќајна струка одржани на 19.03.2026 г. во ДСУ РЦСОО „Ѓорѓи Наумов“ – Битола.

II место Ангелина Симиџиоска – Техничар за индустриска мехатроника
Ментори: Љупчо Балески и Владо Јанкулоски
II место Христијан Белески – Електротехничар-енергетичар
Ментори: Владо Јанкулоски и Сашо Ѓоргиески
III место Димитар Шеремнтески – Електротехничар за електроника и телекомуникации
Ментори: Сашо Ангелоски, Владо Јанкулоски, Билјана Аврамоска и Љупчо Балески
III место Ксенија Димоска – Електротехничар за компјутерска техника и автоматика
Ментори: Сања Јованоска, Владо Јанкулоски, Љупчо Балески и Јане Цаноски

- Државниот натпревар за средни електротехнички, машински и сообраќајни училишта – настан кој ги обединува знаењето, талентот и иднината на

стручното образование оваа година се одржа во Кавадарци на 8 и 9 мај 2026 година.

Профил Електроника и телекомуникации

Димитар Шеремeнтоски – прво место (ментори: Сашо Ангелоски, Владо Јанкулоски, Билјана Аврамоска и Љупчо Балески)

Профил Техничар за индустриска мехатроника

Ангелина Симиџиоска – второ место (ментори: Љупчо Балески и Владо Јанкулоски)

Учениците кои учествуваа со трудови од струката – КТИА освоија пофалници:

„АИ базирана верзија на паметна соба“

Јана Кузманоска, Марко Попоски и Александар Стојаноски под менторство на Сања Јованоска

„Транспортен систем за автоматско препознавање и сортирање на предмети според боја“

Андреа Савиќ, Славчо Мургоски и Кети Јоноска под менторство на Владо Јанкулоски

- На 12.05.2025 година во Скопје се одржа Националниот натпревар на вештини, каде нашите ученици постигнаа одлични резултати и уште еднаш покажаа дека талентот и учењето создаваат успех.

Прво место: Владимир Каланоски – Компјутерска техника и автоматика (ментори: Ацо Вретоски и Гоце Ѓорѓиевски)

Второ место: Васко Чуркоски – Електроенергетика (ментори: Горан Јанкоски и Марија Настоски)

- На 22.05.2026 година, во Ваљево, Србија, се одржа XII-от меѓународен натпревар во мехатроника, инженерство и електротехника **Balkan Junior 2026**. Нашиот тим, составен од учениците **Анастасија Стефановска** и **Филип Кузески** од III-4, од образовниот профил *електротехничар за компјутерска техника и автоматика*, под менторство на професорите **Љупчо Балески**, **Јован Шикоски** и **Ангеле Буџакоски**, постигна **одличен резултат** – **трето место** во силна конкуренција од 8 балкански држави.

Членовите на машинскиот активот зедоа активно учество во подготовката на учениците за Државниот натпревар на електромашинските и сообраќајни центри на РСМ, при што беа постигнати следните резултати:

1. Второ место на ученичката Бојана Илиеска од образовниот профил Техничар за производно машинство под менторство на професорите Стојан Новески, Владо Трајчески и Тоде Дукоски
2. Трето место на ученичката Ангела Божиноска од образовниот профил Машински техничар под менторство на професорите Владо Трајчески, Никола Сиљаноски, Тоде Дукоски.
3. Свое учество на овој натпревар имаше ученичката Сара Блажеска од образовниот профил Техничар за компјутерско управување и ученикот Стефан Думитријески од профилот Машински техничар за моторни возила кои добија Пофалници и кои со успех го претставија нашето училиште.

Ученичката Христина Василевска од III – С, од образовниот профил Техничар за патен сообраќај, во март 2026 г., учествуваше на Регионалниот натпревар организиран од Здружението на СЕМУЦ и го освои првото место, а на Државниот натпревар на СЕМУЦ, одржан на 07/08.05. 2026 г. во Кавадарци го освои третото место

На 12.05.2025 година во Скопје се одржа Националниот натпревар на вештини, каде нашите ученици постигнаа одлични резултати и уште еднаш покажаа дека талентот и учењето создаваат успех.

Прво место: Владимир Каланоски – Компјутерска техника и автоматика
Второ место: Васко Чуркоски – Електроенергетика
Трето место: Филип Цветкоски – Автомеханичар
Пофалница: Ресмија Селоска – Козметичка нега и убавина.

Учениците од ОЕМУЦ „Св. Наум Охридски" освоија прво место на квиз на знаење по мајчин јазик во кој учествуваа екипи од средните училишта од Охрид. Настанот се одржа во Младинскиот центар Охрид на 21.2.2026 г. по повод меѓународниот ден на мајчиниот јазик.

Првенец на генерација, наставничкиот совет го прогласи Андреа Савиќ од IV4 клас, од електротехничка струка, електротехничар за компјутерска техника и автоматика.

III ВОННАСТАВНА ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

А) УЧЕНИЧКИ ЕКСКУРЗИИ

Оваа учебна година се изведоа 2 еднодневни екскурзии од културно-рекреативен карактер со сите ученици и 1 повеќедневна екскурзија во странство со учениците од трета година.

На ден 26.9.2025 г. (петок) учениците беа на еднодневна екскурзија во посета на Опсерваториумот Кокино. Кокино е археолошки локалитет и мегалитска опсерваторија, лоцирана на околу 30 километри североисточно од градот Куманово.

Извештај од изведената екскурзија со учениците од трета година од ОЕМУЦ "Св. Наум Охридски" – Охрид во
Будимпешта- Прага- Дрезден – Виена

Врз основа на член 29 од правилникот за начинот на изведување на ученички екскурзии на учениците од средните училишта стручниот тим го поднесува следниот извештај за изведената екскурзија со учениците од трета година.

Екскурзијата беше реализирана во периодот од 24.05.2026 до 29.05.2026 година со вкупно 162 ученици, 6 професори и директорот на училиштето. Целта на екскурзијата беше да се посетат градовите Будимпешта, Прага, Дрезден и Виена за подобро запознавање на историјата, културата и начинот на живеење на луѓето во истите. Како најповолна понуда беше избрана понудата од туристичка агенција „ВИС ПОЈ". Учениците патуваа во 2 автобуси. Се тргна на 24.05.2026 год. во 12:00 часот од

паркингот кај спортската сала Билјанини извори. Учениците имаа ноќно возење се до пристигнување на првата дестинација во утринските часови.

Прва дестинација беше Будимпешта, панорамско разгледување на Будимпешта со локални водичи, Пешта –споменикот на милениумот, операта улиците Ваци, Андраши, Парламентот, Црквата Св.Стефан.

Во вечерните часови учениците пристигнаа во Прага, па следеше сместување во хотел, вечера и одмор.

Наредниот ден имаше разгледување на Прага. Посета на Прашкиот замок со професионален туристички водич. Панорамско разгледување на стариот град :Карловиот мост, Споменикот на Карло IV, Плоштадот на Матлешките витези,, Кралскиот пат, Еврејскиот кварт, Париската улица, Старомајскиот плоштад, Златната улица, Националниот музеј, црквата Лорето,Градската куќа,Катедралата св.Вито, Златната улица. После разгледувањето на Прага се оствари крстарење со брод по Влтава.

Наредниот ден учениците имаа можност да го посетат Дрезден. Разгледувањето на Дрезден. Панорамски разглед на Операта Земпер, Палатата Цвингер, Римокатоличка Дворска Црква,Резиденционалната Палата, (Државен музеј каде што се чува Зелениот трезор), Палатата Ташенберг, августовиот мост.

Последниот ден по доручекот се упативме за Виена.

Во Виена учениците имаа можност за разгледување на Виена со локален водич, Дворецот Шенбурн,Палатата Хофбург,Плоштадот Рингштрасе, Катедралата св.Стефан, Парламентот, Виенска Опера, Дворецот Белведере...Слободно време за прошетка. Тргнување за Македонија.

Во Македонија пристигнавме во 17:00 часот.

Стручниот тим дава позитивна оценка за изедувањето и квалитетот на дадените услуги од страна на туристичката агенција "ВИС ПОЈ".

Екскурзијата беше изведена без инцидент.

03.06.2026 год. Раководител на училишната екскурзија

Мануела Брдароска Јанкоска

Б) РАБОТА НА СЕКЦИИТЕ

Во текот на учебната 2025/26 година беа доставени планови а нивната реализација најмногу дојде до израз по повод Патрониот празник на училиштето и тоа на секциите по : еко секција, музичка култура, ликовна уметност, рецитаторска секција. Учениците од нашето училиште под раководство на професорите, изведуваа: драмска секција,рецитал, музички точки и извршија презентација на ликовни дела.

На ден 25.12.2025година беше одбележан патрониот празник и 59 години од постоењето на ОЕМУЦ „Свети Наум Охридски". Настанот беше збогатен со рецитал, музичка програма. Беа доделени и награди за најуспешните ученици на меѓународни, државни, регионални и спортски натпревари. По повод Патрониот празник на Центарот од страна на училиштето беше организиран ликовен и литературен конкурс на слободни теми. На ликовниот конкурс ученичката Мелани Тасеска од IV 4 го освои првото место, ученичката Матеа Стојкоска од I к го освои второто место, а Јована Јовческа од Iс клас го освои трето место. На литературниот конкурс по повод патрониот празник на училиштето наградени беа:Јована Јовческа од I-с, прво место, Јана Кузманоска од IV-4, второ место, а Анастасија Котоска I-5 и Андреј Бежоски од I-б го делеа третото место

И минатата учебна година нашето училиште беше дел од проектот "Еко – училиште" кој има за цел подигнување на степенот на еколошката свест преку имплементација на еколошки содржини во планирањето во наставата, кои се составен дел на Годишната програма за работа на Центарот.

Еко-Тимот од ученици од ОЕМУЦ „Св. Наум Охридски" поддржан од РЗЦ Охрид, започна со локалната иницијатива „Еко генерација: Делуваме за промена!" која се спроведува во рамки на проектот „Да учиме за климатските промени!" Во чест на Патронот на нашето училиште беше спроведена иницијатива за садење дрвја и декоративни растенија во училишните парк. Проектот е поддржан од Владата на Швајцарија преку Civica Mobilitas.

На 16.09.2025 година Генерациски дрвца посадија и учениците во ОЕМУЦ „Св. Наум Охридски" – Охрид 🌱 во соработка со ЈП Комуналец и Здружението Павле, лоза и дрвја.

#училиштабезпластика #селектирајнесефолирај #засадидрвозасадииднина #збогумбуково #збогумимауцкер #збогумзагадување #охридселектира

По повод Денот на екологијата, на 21.03.2026 година ученици од ОЕМУЦ „Св. Наум Охридски“ извршија хортикултурно уредување на училишниот двор. Сите заедно да придонесеме за зачувување на животната средина.

Нашето училиште учествуваше во проектот „ Чисто е убаво" кој е подржан од Општина Охрид, ЈП Охридски комуналец , САЛАР Интернационал и Република Шведска. Овој проект започна во септември месец учебна 2025/2026. Координатор - Милица Ристевска .

Опфатени беа ученици од 1,2 и 3 година. Целта на овој проект е селекција на отпад. Од страна на ЈП Охридски комуналец беа доделени контејнери за селекција на хартија, пластика, метал, и текстил. Во школото беше формирана училиштна еко-патрола составена од 3-4 ученици кои патролираа во две смени секојдневно. Во тековната година учениците присуствуваа на презентации кои беа дел од овој проект и учествуваа во Еко- работилница која се одржа во ОСУ„Св.Климент Охридски".

В) Меѓуетничка интеграција во образованието во нашето училиште

Во учебната 2025/26 година училиштето формира тим за спроведување на активности од меѓуетничка интеграција на учениците во училиштето.

Во нашиот Центар учат ученици од ромска, турска ,албанска и др.националности, или изразено во проценти 88,36 % се од македонска националност и 11,64 % се од други националности.

Беше изработена програма за заеднички активности која се реализира во учебната 2025/26 година, а имаше за цел да:

Да ја зајакне меѓуетничката кохезија на учениците

Да ги стимулира учениците да учествуваат во активности кои ја подобруваат меѓуетничката кохезија а кои се спроведоа како активности преку Ученичката

заедница ,ЛМО а се презентираа на Патрониот празник, учество на работилници, излети,еко акции и други активности во рамки на здруженијата на учениците.

Г) СОРАБОТКА СО ЛОКАЛНАТА СРЕДИНА

Соработката на нашиот Центар со локалната средина се одвиваше во следните подрачја:

- соработка со стопанските претпријатија со цел поуспешна реализација на одредени подрачја од програмите за учење преку работа кај работодавач .
- На ден 17.11.2025 година нашиот долгогодишен партнер ОДВ-ЕЛЕКТРИК како општествено-одговорна компанија дониираше 10 персонални компјутери за потребите на училиштето. Со оваа донација им се овозможува на учениците да имаат современи технички ресурси, кои директно ќе влијаааат врз подобрување на нивните знаења, вештини и можности. Поддршката што ни ја дава ОДВ-ЕЛЕКТРИК претставува, исто така, значаен придонес за унапредување на нашата работа и создавање подобри услови за учење и развој на учениците.
- Општина Охрид и локалната самоуправа, активно работи на подобрување на средното стручно образование, со единствена цел да креира квалификуван и стручен кадар кој ќе одговара на потребите на пазарот на трудот, но и да ја зголеми можноста за вработување на младите
- Во месец мај во просториите на Младинскиот центар од Охрид се одржа третото издание на Саемот за образование и кариера каде што основците од охридските училишта имаа можност да се запознаат со активностите и програмите што ги нуди нашиот Центар. Сите патишта водат кон ЕМУЦ!
- Националната агенција за европски образовни програми и мобилност им додели еТвининг плакети на 25 образовни институции од земјава. Меѓу наградените е и нашето училиште ОЕМУЦ „Св. Наум Охридски“ од Охрид.Училиштето ја доби оваа значајна награда како признание за доследната и јасна посветеност кон вредностите на eTwinning програмата.

Под водство на наставниците Љупчо Балески, Јорданка Недеска Симиџиоска, Билјана Божиноска и Ирина Димзова Треневска, ОЕМУЦ „Св. Наум Охридски“ активно применува дигитални и креативни алатки за унапредување на наставниот процес и образовните резултати на учениците. Од 2022 година, преку овие проектите во еТвининг заедницата вмрежени се преку 100 ученици од нашето училиште.

- На ден 26.09.2025 г. во просториите на ОЕМУЦ„Св.Наум Охридски”- Охрид беше остварена средба меѓу претставници од СВР Охрид , Општина Охрид и родители-членови на советот на родители. Тема на разговор беше безбедноста во сообраќајот на малолетните лица. СВР Охрид подолг период регистрира поголем број на прекршоци од страна на малолетни лица и за жал бележи пораст на стапката на смртност кај овие лица.

- Регистрирани прекршоци се :
  - управување на мопед без возачка дозвола
  - управување мопед или моторцикл над дозволена брзина
  - управување на моторцикл без возачка дозвола
  - неправилно паркирање
  - неносење на заштитна опрема(кацига) итн.

- На ден 30.9.2025 г. во просториите на ОЕМУЦ „Св. Наум Охридски“ се одржа едукативно предавање во организација на АД Пивара Скопје. Преку конкретни чекори, интерактивни дискусии и преку размислувања во поглед на вештините за живот и вештините за водење бизнис, обуката „Вештини за успех” ги поттикна учениците за дополнителен напор за подобри резултати во барањето работа, отвореност за учење, нови искуства и страст во постигнувањето исклучителни резултати.

- Во рамките на проектот „Active Youth, Inclusive Society” како билатерално партнерство помеѓу Здруженијата Loesje од Битола и Mentalidade X од Португалија, на 26.11.2025 година, во просториите на ОЕМУЦ „Св. Наум

Охридски” од Охрид беа пречекани претставниците од двете организации и им беше презентирано училиштето како институција и беа опфатени теми за можностите и придобивките што ги нуди стручното образование.

- На 23 септември 2025 година, во Скопје се одржа церемонијалниот настан „Запознајте ги Суперучилиштата“, во организација на Regional Youth Cooperation Office – RYCO. На настанот беа потпишани 23 договори за нови, но и продолжени соработки меѓу училишта од Западен Балкан.ОЕМУЦ „Св. Наум Охридски“ – Охрид, под координаторство на професорите Јорданка Недеска Симициоска и Љупчо Балески, по втор пат го доби престижниот статус „Суперучилиште“ во рамките на оваа програма.

- Во просториите на ОЕМУЦ „Св. Наум Охридски“ на ден 13.02.2026 година во организација на Општина Охрид, се одржа работна средба-социјален дијалог „Учи паметно-работи стручно“ На оваа средба свое обраќање имаа заменик-градоначалникот Ане Крстеска и директорите на ОЕМУЦ „Св. Наум Охридски“, професорот Сашо Недески и на СОСУ „Св. Кирил и Методиј“, професорот Ристе Јанкоски.

- Еко-Тимот од ученици од ОЕМУЦ „Св. Наум Охридски“ поддржан од РЗЦ Охрид, започна со локалната иницијатива „Еко генерација: Делуваме за промена!“ која се спроведува во рамки на проектот „Да учиме за климатските промени!“
  Во чест на Патронот на нашето училиште беше спроведена иницијатива за садење дрвја и декоративни растенија во училишните парк. Проектот е поддржан од Владата на Швајцарија преку Civica Mobilitas.

- Генерациски дрвца на ден 16.09.2025 посадија и учениците во ОЕМУЦ „Св. Наум Охридски” – Охрид во соработка со ЈП Комуналец и Здружението Павле, лоза и дрвја.

  .

- И оваа година се спроведе завршниот испит по германски модел за учениците од образовниот профил Техничар за индустриска мехатроника. Овој испит се состои од два дела и тоа теоретски дел кој се состои од 23 прашања и 6 задачи и практичен дел кој се состои од склопување на мехатронички сетови и пуштање во работа. Прашањата за теоретскиот дел и задачата која ученикот ќе ја реализира во практичниот дел се добиени од Германија, преведени и прилагодени за дуалниот модел во нашиот образовен систем. Секој ученик кој ќе го положи овој испит добива сертификат.

- На ден 21.05.2026 година, беше остварена работна средба со Амбасадорката на Сојузна Република Германија во Република Северна Македонија Петра Дрекслер и директорката на Делегацијата на германското стопанство во Република Северна Македонија Антје Ванделт. Се разговараше за досегашните резултати од примената на дуалното образование по германски стандарди во образовните профили Техничар за индустриска мехатроника и Техничар за производно машинство и изведувањето на практичната настава во компаниите партнери како и за интензивната и долгогодишна соработка со Сојузна Република Германија. Имаа можност да ги посетат кабинетите реализирани од GTZ проектот пред 26 години, кои се во одлична состојба, опремени со дидактичка опрема за вежби од електротехничка струка, како и посета на реновирната работилница. Притоа од страна на нашите ученици беше презентирана практичната примена на Hidraulic and pneumatic training set, како и мерна опрема и микроконтролери добиени од грант поддржан од RCF фондот и KFW банка од Сојузна Република Германија.

- Во просториите на ОЕМУЦ Св. Наум Охридски – Охрид, од 20 до 24 април 2026 година се реализираше петдневен Еразмус+ проект кој успешно ги обедини средношколците од три технички училишта.

- Учениците од Охрид, вкупно 10, под менторство на професорката Билјана Ристоска, заедно со 8 гости-ученици од Safranbolu Ahi Evran Vocational and

Technical Anatolian High School и Safranbolu Vocational and Technical Anatolian High School, од Сафранболу, работеа на заеднички технички предизвик.

- Турскиот тим беше предводен од двајца професори – Мухамет Демир и Касим Боруку, кои активно учествуваа во менторирањето, организацијата и техничката поддршка на учениците.

- Главната активност на проектот беше изработка на Ардуино автомобил – формула, при што мешаните тимови составуваа електронски кола, ги програмираа микроконтролерите и развиваа функционални прототипи. Учениците развиваа сопствени инженерски решенија за управување, сензори и автоматизација.

- Оганизирање на соработка со семејството преку активно вклучување на родителите во подрачјето на воспитно-образовната дејност преку родителски средби, совет на родители, училиштен одбор;

- На ден 27.4.2026 г., ученици од прва до четврта година од ОЕМУЦ „Св. Наум Охридски“ од Охрид, придружувани од професорките по македонски јазик: Билјана Попоска, Жармена Китрозоска, Ирена Ралева-Најдевска, Милица Ристевска и Магдалена Ѓероска-Радическа, со поддршка од директорот на Центарот, Сашо Недески, реализираа едукативна посета на Саемот на книгата во Скопје. Посетата беше организирана со цел да се поттикне интересот на учениците кон литературата, да се збогати нивното читателско искуство и да се негува трајна навика за читање книги. Учениците имаа можност да се запознаат со најновите изданија, да разгледаат разновидна книжевна понуда и да ја почувствуваат атмосферата на еден од најзначајните културни настани во земјата.

- Соработка со основните училишта – давање повратна информација-прегледи на успехот на учениците во првото полугодие и крај на учебна година во

нашето училиште. На 22.05 2026 година во ОЕМУЦ „Св. Наум Охридски" се одржаа денови на отворени врати за учениците од деветтите одделенија од основните училишта во Охрид.

Посетителите имаа можност да се запознаат со **сите струки и профили** кои се изучуваат во нашиот центар . На учениците им беа презентирани **просторните услови за теоретска настава**, како и **кабинетите и работилниците** каде што се реализираат практичните вежби .

Учениците се запознаа и со **меѓународните проекти** во кои активно учествува нашето училиште , стекнувајќи увид во можностите за мобилности и интеркултурно учење.

Во рамките на отворениот ден, свои презентации имаа и **компаниите-партнери** кои соработуваат со нашиот центар во спроведувањето на концептот на **дуално образование** , претставувајќи ги можностите за практична настава и професионален развој.

- Втора година по ред, на ден 11.08.2026год. како Центар бевме поканети на прием во Вилата на претседателката на Македонија, проф. д-р Гордана Силјановска-Давкова, по повод Неделата на млади.
  На средбата присуствуваа министерката за образование и наука Весна Јаневска, претставници од невладиниот сектор и експерт од областа на психологијата.
  Во фокусот на дискусијата беа врсничкото насилство, предизвиците со кои се соочуваат младите и потребата од заедничко делување на институциите, стручната јавност и граѓанскиот сектор во создавањето безбедна, поддржувачка и инклузивна средина за младите.

- Соработка со Црвен Крст околу активности поврзани со хуманитарни и едукативни цели.

- На ден 7.5.2026 г. учениците од Центарот зедоа учество во хуманитарната трка „Од срце трчај, со срце дарувај за малата Ева“ организирана од страна на СОСУ „Св. Кирил и Методиј”- Охрид со цел собирање средства за лекувањето на Ева.
- На ден 3.12.2025 г. во просториите на ОЕМУЦ „Св. Наум Охридски” – Охрид беше спроведена крводарителска акција во соработка со Службата за трансфузиона медицина и Црвениот крст од Охрид.
  За оваа крводарителската акција беа собрани 34 крвни единици и нашиот Центар уште еднаш се покажа како општествено-одговорна институција.
- На 29.4.2026 година, учениците од ОЕМУЦ „Св. Наум Охридски“ – Охрид, под менторство на проф. Жармена Китрозоска, организираа хуманитарен концерт со цел да се обезбеди помош на матурантите од социјално загрозените семејства. На настанот кој се случи во спортскиот терен на ОЕМУЦ „Св. Наум Охридски”, учениците од Центарот ги покажаа своите таленти во музика, танцување и стендап уметност.
- На 25.08. 2026 година ќе се одржи свечено доделување на дипломите на матуранти од генерација 2025/26 год.

- Центарот се вклучи во кампањата за подигнување на јавната свест за проблемите и предизвиците со кои се соочуваат лицата со ретки болести и нивните семејства.
- Соработка со МВР и активно учество на средбите во организација на МВР и општината Охрид на теми поврзани со проблемите на однесување на младите;

- Соработка со Центарот за социјална работа и тимот за малолетничка деликвенција кој работи во склоп на Центарот

Г) СОРАБОТКА СО ДРУГИ УЧИЛИШТА

Нашето училиште соработува со следните училишта од регионот :

Во учебната 2019/20 година, на покана од директорот на ,, Техничката Школа,, - Ваљево, Бранко Голоскоковиќ, а по по повод на патрониот празник на училиштето на ден 5.10.2019 година, во Ваљево присуствуваше делегација од нашето училиште во состав: Сашо Недески-директор, Мануела Брдароска Јанкоска-пом.директор, Јулијана Петреска и Ѓорѓи Скепароски, професори. При оваа посета потпишана е **повелба за збратимување** на ОЕМУЦ ,, Св. Наум Охридски,, Охрид со ,, Техничката школа,, од Ваљево.

Нашето училиште е активен член на здружението на ЕМС Центри во чија организација се регионалните и државните натпревари по струки и профили на ученици од трета година, каде директорот на училиштето е и член на претседателството на здружението.

Наназад веќе неколку години нашето училиште е дел од соработката со стручни училишта од регионот (Турција, Хрватска, Босна и Херцеговина, Словенија, Србија , Црна Гора и Романија) Оваа соработка трае неколку години како партнер училишта во рамките на меѓународниот проект "Балкан Јуниор", кој настана како идеја да се поврзат училишта со слични струки од различни држави на Балканот.

- На 22.05.2026 година, во Ваљево, Србија, се одржа XII-от меѓународен натпревар во мехатроника, инженерство и електротехника **Balkan Junior 2026**. Нашиот тим, составен од ученицте **Анастасија Стефановска** и **Филип Кузески** од III-4, од образовниот профил *електротехничар за компјутерска техника и автоматика*, под менторство на професорите **Љупчо Балески**, **Јован Шикоски** и **Ангеле Буџакоски**, постигна **одличен резултат** – **трето место** во силна конкуренција од 8 балкански држави!

„БАЛКАН ЈУНИОР" претставува меѓународен натпревар од областа на електротехника и мехатрониката. Целта на проектот е поврзување на стручните училишта од областа на машинството и електротехниката како и размена на нивните искуства, промовирање на меѓукултурната соработка и запознавање со начинот на образование и животот во други држави. Овој проект како свои цели ги има поставено унапредувањето на знаењето и споредување со други училишта, подигнување на нивото на знаења и компетенции на учениците и наставниците во средните стручни школи како и потикнување на креативноста. Натпреварот се реализира секоја година

во едно училиште од редот на училишните партнери. При тоа од секое училиште учествуваат по двајца ученици и ментори.

Проектот "Балкан Јуниор" настана како идеја да се поврзат училишта од слични профили од различни држави од Балканот. Идеја започна во 2012 година од страна на Бранко Голоскоковић, директор на Техничкото училиште од Ваљево, и Фатих Камил Билгин, директорот на училиштето INONU MTAL од Истанбул. Натпреварувањето "Балкан Јуниор" до сега се одржуваше во:

1. Турција- Истанбул
2. Словенија – Велење
3. Црна Гора – Никшиќ
4. Србија – Ваљево
5. Босна и Херцеговина – Тешањ
6. Хрватска – Лабин
7. Романија - Констанца
8. РС Македонија - Охрид

Соработката меѓу училиштата се темели на размена на знаење, искуства и средства за извршување на практични задачи, базирани на повеќегодишното работење на просветните работници од областа на напредните технологии кои се неопходни за современ работен пазар (електротехника, машинство и информатика).

Досегашните натпревари ги опфатија областите од управувањето со CNC машините, програмирањето на PLC, работењето на 3D печатач, реализација на електро-пневматски систем управуван со PLC и микропроцесорот за програмирање и контрола на возила со помош на микроконтролери. изработка на моделот на роботска рака.

Целта на овој проект е : подигнување на практичната настава на нешто повисоко ниво преку организирање на натпревари,воспоставување на соработка и едукација на наставниот кадар , размена на искуство и развој на дидактичка опрема.

Во периодот од 3.10 до 4.10.2025 година директорот Сашо Недески, проф. Ангеле Буџакоски и проф. Билјана Аврамоска учествуваа на подготвителниот состанок за меѓународниот натпревар "Балкан јуниор 2026" во школскиот центар во Ваљево, Република Србија. На состанокот се разговараше за начинот на спроведување на теоретскиот дел од натпреварот и предлог задачата од практичниот дел и правилата за нејзината изработка.

Во рамките на Професионалната ориентација, по објавувањето на Конкурсот за упис на ученици за прва година, професори од сите струки при ОЕМУЦ „Св. Наум Охридски",го претставија нашиот училиштен центар пред деветоодделенците од основните училишта од Охрид и Струга.Нашиот тим ги претставија сите образовни профили како и можностите кои го нуди учењето во стручното образование.

На 22.05.2026 година училиштето организираше отворен ден за основните училишта во општината на кои присуствуваа и стопански претпријатија и фирми со кои училиштето соработува а беа разгледани просторните услови и современите кабинети како и запознавање со партнерските компании со кои училиштето соработува во рамките на дуалното образование.

Во рамките на проектот „CRAFTROOTS", 15 ученици од ОЕМУЦ „Св. Наум Охридски" – Охрид под менторство на професорите Јорданка Недеска Симиџиоска и Љупчо Балески и 15 ученици од Гимназија „Обала" – Сараево под менторство на професорите Аида Требињац и Ирниса Фејзић-Алић, успешно ги реализираа активнностите предвидени со младинската размена.

Преку активности за запознавање и тим-билдинг, учениците изградија пријателска атмосфера и меѓусебна доверба.

Посетите на Стариот град и средбите со традиционални занаетчии – мајсторот за четки г. Балагиќ и бакарџијата г. Хидиќ – им овозможија одблиску да се запознаат со занаетите кои сè уште живеат во Сараево.

Преку активноста „Мост на помирување", младите разговараа за дијалог, простување и соработка, додека традиционалните ора и танци во КУД „Лола" уште повеќе ги зближија учесниците.

Во просториите на Младинскиот центар од Охрид се одржа третото издание на Саемот за образование и кариера каде што основците од охридските училишта имаа можност да се запознаат со активностите и програмите што ги нуди нашиот Центар.

На нашата Веб страна беа презентирани образовните профили во рамките на струките и сите нови информации во врска со огласите и уписот на учениците,можностите и условите за учење во нашето училиште.

Во овие рамки високообразовните институции за учениците од четврта година вршеа презентација на нивните факултети и можностите кои ги нудат.

Соработката со средните и основните училишта се одвиваат и во следните области:

- Соработка со средните училишта околу заедничките воспитно-образовни теми (спроведување на екстерниот дел од државна матура, соработка на ученичките заедници и др.)
- Соработка со основните училишта – давање повратна информација-за упис на ученици во прва година од нивните училишта, како и прегледи на успехот на учениците во првото полугодие во нашето училиште, споредбени показатели.

Д) ЗАШТИТА НА ЗДРАВЈЕТО НА УЧЕНИЦИТЕ И ВРАБОТЕНИТЕ И СЕВКУПНА ГРИЖА ЗА УЧЕНИЦИТЕ

Во периодот од 29.09.2025 година до 07.10.20225 година беа спроведени систематски прегледи на учениците од четврта година,а во периодот од 13.05.2026 до 22.05.2026 систематски прегледи за учениците од прва година.

За за нивно спроведување беа ангажирани педагогот и психологот на Центарот.

На ден 3.12.2025 г. во просториите на ОЕМУЦ „Св. Наум Охридски" – Охрид беше спроведена крводарителска акција во соработка со Службата за трансфузиона медицина и Црвениот крст од Охрид.

За оваа крводарителската акција беа собрани 34 крвни единици и нашиот Центар уште еднаш се покажа како општествено-одговорна институција.
На ден 15.04.2026 година беше спроведена уште една Акција за крводарителство со учениците од трета и четврта година.

На ден 14..12.2024г и на ден 23.04.2025 година се одржа крводарителска акција со учениците од трета и четврта година.
На ден **2.12.2025 г.,** дел од младинците од ОЕМУЦ присуствуваа на роденденската забава на Здружението за деца со посебни потреби ,,Тајните на моето срце" во знак на поддршка. Веќе четврта година по ред како ја поддржуваме инклузијата и даваме позитивен пример во општеството за тоа колку е важно да бидеме сите подеднакво вклучени и прифатени.

Ѓ) УЧЕНИЧКА ЗАЕДНИЦА ВО ЦЕНТАРОТ

Во Центарот успешно работеше и ученичката заедница која имаше свој претседател како и претседател на годините.
За својата работа има формирано тела и комисии .Активности кои имаа за цел да ги подобрат условите за учење, да го развијат тимскиот дух и да ја зајакнат соработката меѓу учениците, наставниците и поширокаата заедница. Во извештајот ќе се осврнеме на клучните настани и проекти.Нашиот фокус беше насочен кон зголемување на учеството на учениците во различни општествени и образовни активности, како и кон развој на лидерските способности и социјалните вештини. Клучен аспект на нашата работа беше и промоцијата на позитивни вредности како што се: солидарноста, почитувањето на различностите и развојот на креативните и културни активности.
Во текот на учебната 2025/2026 година, Ученичката заедница учествуваше во бројни активности кои се покажаа како клучни за развојот на учениците, училиштето и целата заедница. Овие активности не само што имаа образовен карактер, туку и промовираа вредности како што се соработка, креативност, хуманост и социјална одговорност. Во оваа секција ќе ги прегледаме најзначајните активности и проекти кои беа реализирани во текот на годината.

Организација и учество во хуманитарни активности за помош на болни лица во процесот на лекување, хуманитарна трка за Ева и сл.
Учество во организација на општински натпревар за прва помош.
Учество на трибина во универзитетот „Св. Апостол Павле„ посветена на темата жени научници и нивниот придонес во науката„ на ден 11.02.2026 година.
Избор на ученик правобранител, кој ќе се грижи за заштита и унапредување на правата на учениците и ќе ги застапува учениците пред стручните органи и тела во училиштето.
Учество во организација и спроведување на активностите за пријавување на ученик – жртва на насилство, злоупотреба и занемарување.
Претставници од ученичката заедница беа вклучени во обука во рамките на проектот „ Здрави врски – основа за ментално здравје„ кои потоа одржаа работилници со заинтересирани ученички од училиштето во период од 27 до 29.04.2026 година.

Е) МЛАДИНСКА ОРГАНИЗАЦИЈА

Пред повеќе години во рамките на СЕА проектот во нашиот Центар беше формирана младинската организација во која се вклучени ученици од Центарот и која успешно функционира .Младинската организација имаше свој годишен и оперативен план за предвидените активности. Учебната 2025/26 година ги реализира следните активности:

Извештај од работата на ЛМО при ОЕМУЦ „Св. Наум Охридски“ – Охрид за учебната 2025/2026 г.

1. На ден **12.9.2025 г**., како дел од програмата „Училишта без пластика” беа поканети и членови од ЛМО на работна средба посветена на подобрување на управувањето со отпад во Охрид и отпочнување јавна кампања за подигнување на свеста кај граѓаните. На оваа средба беше дискутирано и за можноста за активно вклучување во активностите како младинска организација со значајна улога во заедницата.

2. На ден **18.9.2025** г. членовите на ЛМО при ОЕМУЦ беа дел од Креативна

работилница по повод 21. Септември – Светскиот ден на мирот. Оваа работилница беше во организација на Младинскиот центар од Охрид.
Заедно создававме креативни изработки исполнети со пораки за мир, единство и надеж.Овие пораки ќе бидат споделени на 21. Септември како симболичен придонес на младите од Охрид кон глобалниот повик за мир.

3. На ден **30.9.2025** г. во просториите на ОЕМУЦ „Св. Наум Охридски“ се одржа едукативно предавање во организација на АД Пивара Скопје. Преку конкретни чекори, интерактивни дискусии и преку размислувања во поглед на вештините за живот и вештините за водење бизнис, обуката „Вештини за успех” ги поттикна учениците за дополнителен напор за подобри резултати во барањето работа, отвореност за учење, нови искуства и страст во постигнувањето исклучителни резултати.

4. На ден **7.10.2025** г. членовите на ЛМО при ОЕМУЦ учествуваа на воннаставна активност организирана од страна на Црвениот крст од Охрид. Станува збор за панел-дискусија посветена на кариерниот развој.

✐Во текот на дискусијата наши успешни сограѓани зборуваа за својот кариерен пат и за своите професионални искуства, како и за вештините потребни за да се успее во професијата. Учениците имаа можност да слушнат инспиративни приказни и да научат нешто ново, нешто што ќе им користи во остварувањето на своите цели во иднина.

5. На ден **10.10.2025** г. членовите на ЛМО беа вклучени во едукативна кампања за подигнување на свеста за менталното здравје.

6. На ден **10.10.2025** г. ученици од нашето училиште, заедно со проф. Ирена Ралева-Најдевска беа дел од Конференцијата „Beyond Digits – Финансиска писменост за инклузија“ во организација на Здружението ЦЕФЕ Македонија.
Настанот се одржа во просториите на Europe House во Скопје. На Конференцијата беа потенцирани важноста на инклузијата, практичните решенија и потребата за иновативен пристап во финансиското образование.

7. **24.10.2025 г**. – во тек е обука на за финансиска писменост според ЦЕФЕ Методологија за развој на бизнис вештини во која се вклучени 12 членови од ЛМО. По завршувањето на обуката, сите учесници ќе добијат меѓународен сертификат за финансиски компетенции.

8. На ден **11.11.2025** г. членовите на ЛМО при ОЕМУЦ „Св. Наум Охридски" беа дел од Конференција за претприемништво.

Членовите имаа можност да се запознаат со претставници од овој сектор, да ги прошират своите познавања за темата која станува сè поактуелна како и активно да бидат вклучени во дискусиите зајакнувајќи ја, на тој начин, својата самодоверба при јавно обраќање.

9. На ден **13.11.2025** г. беше спроведена Регионална презентација за ученичко учество и наградата „најГЛАСни!“ доделена по петти пат од Здружение ЛЕАД и Фондацијата Конрад Аденауер, со поддршка од Министерството за образование и наука.

10. Во рамките на проектот „Active Youth, Inclusive Society" како билатерално партнерство помеѓу Здруженијата Loesje од Битола и Mentalidade X од Португалија, на **26.11.2025** година, во просториите на ОЕМУЦ „Св. Наум Охридски" од Охрид беа пречекани претставниците од двете организации и им беше презентирано училиштето како институција и беа опфатени теми за можностите и придобивките што ги нуди стручното образование.

11. Во периодот од **14.10.2025 г. до 15.11.2025** г. членовите на ЛМО при ОЕМУЦ „Св. Наум Охридски“ беа дел од обука за финансиска писменост и имаа можност да ги развијат своите компетенции да основаат или да водат свој бизнис поврзан или неповрзан со нивните технички струки.

12. На ден **1.12.2025 г**. членовите на ЛМО беа дел од граѓанската трибина во организација на Комисијата за еднакви можности во рамки на кампањата 16 дена активизам за борба против насилство врз девојчиња и жени. Младинците имаа можност да дискутираат на темата и да ја подигнат својата свест за оваа, за жал, честа појава во денешницата.

13. На ден **2.12.2025 г.,** дел од младинците од ОЕМУЦ присуствуваа на роденденската забава на Здружението за деца со посебни потреби „Тајните на моето срце" во знак на поддршка. Веќе четврта година по ред како ја поддржуваме инклузијата и даваме позитивен пример во општеството за тоа колку е важно да бидеме сите подеднакво вклучени и прифатени.

14. **Денес 3.12.2025 г.** се одржа успешна и инспиративна средба со учество на претседателката на Европската младинска асоцијација, Паула Лопез. За време на нејзината посета, таа оствари средба со нас преку воведни сесии фокусирани на

меѓународното право и глобалните институции како што се Европскиот парламент и Обединетите нации.

15. На ден **3.12.2025** г. членовите на ЛМО при ОЕМУЦ присуствуваа на промоцијата на второто издание на „Охридската археолошка азбука". Ова издание беше посветено на Св. Климент – Патронот на градот Охрид.

16. На **ден 6.12.2025 г**. (сабота), младинците од ЛМО при ОЕМУЦ „Св. Наум Охридски" присуствуваа на настан организиран од страна на Клубот на млади од Црвениот крст од Охрид посветен на Денот на волонтерството за сите волонтери од различни организации.

17. На ден **29.1.2026** г. членовите на ЛМО беа вклучени во волонтерскиот тим во организација на МЦО од Охрид на првата јавна панел-дискусија Органодарителство во Македонија. Членовите имаа можност да се запознаат со темата органодарителство, со законските одредби и што значи да се биде донор по својата смрт.

18. **По повод 24ти јануари** – Меѓународниот ден на образованието, денес во Младински Центар Охрид беше реализирана интерактивна работилница со 11 средношколци, посветена на различните начини на учење и нивната улога во денешното време.

19. На ден **5.2.2026 г.** членовите на ЛМО се вклучија во кампања за подигнување на свеста за лицата со Ретки болести.

20. На ден **11.2.2026** г. членовите на ЛМО при ОЕМУЦ беа на премиерното издание на документарниот филм „Приказната за Силјан" во НУ Центар за култура „Григор Прличев" - Охрид.

21. На ден **13.2.2026** г. членовите на ЛМО при ОЕМУЦ беа вклучени во креативна работилница по повод Денот на вљубените.

22. Квиз на знаење за средношколци по **повод 21ви Февруари** – Меѓународниот ден на мајчиниот јазик. Во пресрет на 21ви Февруари – Меѓународниот ден на мајчиниот јазик, во Младински Центар Охрид се одржа Квиз на знаење по мајчин јазик, на кој учествуваа вкупно 5 екипи, составени од по 3 ученици, а тимот од ОЕМУЦ го освои **првото место.**

23. На **ден 21.2.2026 г. (сабота),** во организација на Здружението Регионален зелен центар од Охрид, членовите на ЛМО при ОЕМУЦ беа вклучени во проектот „Да научиме за климатските промени" каде што имаа можност да се запознаат со важноста

од зачувување на животната средина, да се едуцираат на темата климатски промени и да поминат незаборавни часови со своите врсници.

24. На ден **28.2.2026** г. членовите на ЛМО при ОЕМУЦ присуствуваа на одбележувањето на месецот на Ретките болести искажувајќи ја својата поддршка за сите пациенти и нивните семејства.

25. На ден **6.3.2026** г. членовите на ЛМО при ОЕМУЦ беа вклучени во креативна работилница по повод Денот на жената. Работилницата се одржа во Младински Центар Охрид, каде што нашите млади учесници се забавуваа и создаваа уметнички дела инспирирани од празникот – честитки, букети од цвеќиња 🌷и други креативни изненадувања.

26. По повод **8 Март** - Денот на жената, беше реализирана активност во одлична атмосфера. Во текот на настанот се изврши симболично делење цвеќиња, семки за садење и млади садници од дрвца, со цел да се поттикне љубовта кон природата и да се испрати порака за грижа кон животната средина.

27. На ден **7.4.2026 г**., членовите на ЛМО при ОЕМУЦ беа вклучени во работилница, којашто беше организирана од Младинскиот центар.

Центарот беше исполнет со креативност, смеа и празнична атмосфера. Учесниците имаа можност да ја покажат својата имагинација и вредни раце преку изработка на најразлични велигденски украси.

28. На **ден 9.4.2026 г.** учениците: Емилија Попоска II-К, Михаил Кајмакоски III-А, Анастасија Костоска I-5, Драгана Божиноска III-5 и Софија Кецкароска III-5, под менторство на проф. Билјана Божиноска учествуваа на традиционалниот Велигденски базар, кој беше организиран од страна на Општина Охрид.

Учениците и менторката изработија велигденски украси и храна, а собраните средства беа наменети за хуманитарни цели.

29. На годинешниов МАССУМ натпревар **24.4. и 25.4.2026 г.,** кој се одржа во Богданци, учениците од ОЕМУЦ „Св. Наум Охридски" под менторство на проф. Наташа Јанкоска Китани и проф. Никола Сиљаноски, освоија прво место во категорија најдобар штанд.

30. На ден **27.4.2026** г., ученици од прва до четврта година од ОЕМУЦ „Св. Наум Охридски“ од Охрид, придружувани од професорките по македонски јазик: Билјана Попоска, Жармена Китрозоска, Ирена Ралева-Најдевска, Милица Ристевска и

Магдалена Ѓероска-Радическа, со поддршка од директорот на Центарот, Сашо Недески, реализираа едукативна посета на Саемот на книгата во Скопје.

31. Во периодот од **1.6.2026 до 5.6.2026** г. се одржа Erasmus+ проект посветен на инклузијата и интеграцијата на младите во општеството. На оваа размена присуствуваше ученичката Софија Кецкароска и проф. Ирена Ралева-Најдевска. Размената се одржа во Сантарем и Лисабон, Португалија.

Е) ПРОИЗВОДСТВЕНА И ДРУГА ОПШТЕСТВЕНО - КОРИСНА РАБОТА

Во рамките на производствена и општествено корисна работа во центарот се спроведоа повеќе активности чија цел беше создавање пријатна атмосфера во училиштето, училницата и училишниот двор хигиена, уредување и чување на училишниот двор, санација и реновирање на санитарните чворови за учениците, негување позитивен однос кон работата и училиштето; подготвеност да се вложи труд во извршување работи за училиштето, развивање хуманост и друг позитивен однос кон другите, грижа за природата итн во кој активности активно учество зедоа членовите на Младинската организација како и Ученичката заедница на центарот.

Ж) ЦРВЕН КРСТ

Во рамките на училиштето работеше и Црвениот крст според својот план и програма. Во текот на учебната 2025/26 година беа спроведени систематски прегледи на учениците и вработените како и активности околу организацијата на Акцијата за крводарителство.

. На ден **7.10.2025** г. членовите на ЛМО при ОЕМУЦ учествуваа на воннаставна активност организирана од страна на Црвениот крст од Охрид. Станува збор за панел-дискусија посветена на кариерниот развој.

Во текот на дискусијата наши успешни сограѓани зборуваа за својот кариерен пат и за своите професионални искуства, како и за вештините потребни за да се успее во професијата. Учениците имаа можност да слушнат инспиративни приказни и да научат нешто ново, нешто што ќе им користи во остварувањето на своите цели во иднина.

На **ден 6.12.2025 г**. (сабота), младинците од ЛМО при ОЕМУЦ „Св. Наум Охридски" присуствуваа на настан организиран од страна на Клубот на млади од Црвениот крст од Охрид посветен на Денот на волонтерството за сите волонтери од различни организации.

IV СЛЕДЕЊЕ И УНАПРЕДУВАЊЕ НА ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНАТА РАБОТА

Во текот на минатата учебна година беа одржани 17 состаноци на Наставничкиот совет на Центарот на кој се разгледуваа следните прашања:

- ✓ Давање мислење за приправничката работата на приправникот Милица Ристевска
- ✓ Формирање Тим за кариерно советување
- ✓ Формирање Комисии за изведување поправни и вонредни испити за учебната 2025/26
- ✓ Давање мислење за приправничката работа на приправникот Петар Пројкоски
- ✓ Формирање Училишна матурска комисија
- ✓ Одредување записничар на Наставничкиот совет на Центарот
- ✓ Разгледување на молби од учениците
- ✓ Договор околу задолжителните активности на наставниот кадарАнализа на успехот на учениците по класификациони периоди
- ✓ Изрекување педагошки мерки на учениците
- ✓ Формирање Одбор за прослава на Патрониот празник
- ✓ Избор на членови и верификација на мандати за Училиштен одбор од редот на наставниот кадар.
- ✓ Предлог план за паралелки по струки и профили за упис на ученици во прва година за 2026/27
- ✓ Формирање Комисија за спроведување на постапката за избор на Првенец на генерација

- ✓ Формирање на Училишна комисија за спроведување на Конкурсот за упис на ученици во 2026/27
- ✓ Повлекување на педагошки мерки
- ✓ Добнесување Одлука за избор на Првенец на генерација- избрана е ученичката Андреа Савиќ од ЕТ за компјутерска техника и автоматика.
- ✓ Извештај од изведената екскурзија во Прага, Дрезден, Виена со учениците од трета година;
- ✓ Избор на нов член на Училишниот одбор од редот на наставниот кадар
- ✓ Давање мислење за воспитно-образовната работа на приправникот Спаска Јаќимоска
- ✓ Утврдување на минимум поени за второто пријавување и вториот уписен рок.
- ✓ Информација за бројот на запишани ученици за учениците од прва година;
- ✓ распределба на часови и други здолженија за учебната 2026/27 година
- ✓ Разгледување на Извештајот за работа за учебната 2025/26;
- ✓ Разгледување на Годишната програма за воспитно-образовната работа во Центарот;

Во учебната 2025/26 година приоритетни задачи беа:

1. Подобрување на квалитетот на изведување и стекнување знаења и вештини на учениците во рамки на практичната настава преку предметот учење преку работа кај работодавач и во таа насока планирани се и реализирани следните активности:

   Оваа учебна година беа одредени двајца координатори за предметот Учење преку работа кај работодавач и тоа професорките Наташа Јанкоска-Китани и Марија Настоски со пола работно време за вршење на активностите од оваа област.

   -Професионално усовршување на наставниот кадар

   - Ефикасно и ефективно користење на расположливите сопствени ресурси.

   -Идентификување на потребите од наставно-нагледни средства и помагала

-Конкурирање кај различни донатори и институции преку проекти за обезбедување опрема.

-Соработка со стручни тимови од стопански субјекти.

-Взаемна соработка на наставниот кадар кој ќе изведува практична настава и менаџментот во претпријатијата околу начинот на изведување

- Соработка помеѓу Координаторите за Учење преку работа кај работодавач и предметните професори кои предаваат исти или сродни предмети и десеминација на примена на нови форми и методи.

2. Подобрување на редовноста во наставата и во таа насока планирани и реализирани се следните активности:

-примена на Правилникот за регулирање на изостаноци на учениците

- зајакнување на соработка на класните раководители со предметните професори , стручната служба и родителите;
- индивидуална работа со ученици (причини за изостанување)
- интензивна индивидуална работа со членовите на класните заедници.
- Интензивна работа со класот, ученичката заедница
- спроведување на групно советување на учениците според програма на МОН
- одржување вонредни наставнички совети на паралелките каде што се јави потреба.

И оваа година се организираше групно советување на родителите и тоа како законска обврска по повеќе основи и тоа:

- неоправдано отсуство над 10 неоправдани изостаноци,
- за оправдано отсуство од 100 и над 100 изостаноци,
- за 3 и над 3 недоволни оцени.

За изведеното советување се води комплетна документација.

Извештај за работата на Училишниот одбор на „ОЕМУЦ Св.Наум Охридски“ – Охрид за учебната 2025/26 год

Училишниот одбор во состав Стојан Новески – претседател, Љубица Смилеска Мојсоска , Емилија Колевска, Љупчо Балески, Билјана Трпеска, Игор Каланоски,

Билјана Силјаноска, Марјан Бошалески, Винета Стојаноска, Павел Попоски и како претставник на Стопанската комора Наташа Јовческа во текот на учебната 2025/2026 година имаше плодна и успешна работа и притоа одржа 12 седници, по прашања од своја надлежност:

- азгледување и усвојување на Извештајот за материјално и финансиско работење на училиштето за периодот од 01.09.2024 година до 31.08.2025 година и давање предлог до Советот на Општина Охрид за негово усвојување;
- Разгледување и усвојување на Извештајот за реализација на Годишната програма за работа за учебната 2024/2025 година;
- Разгледување и усвојување на предлог Годишната програма за работа на ОЕМУЦ Св.Наум Охридски – Охрид, за учебната 2025/2026 година и давање предлог до Советот на Општина Охрид за нејзино усвојување;
- Донесување на одлука за формирање на стручен тим кој ќе организира завршна екскурзија и ќе изготви програма за изведување на училишната екскурзија.
- Разгледување и усвојување на Правилникот за начинот на користење, управување и одржување на службеното возило од ОЕМУЦ „Св. Наум Охридски" - Охрид
- Донесување на одлука за изработка и монтажа на плакар за алати и опрема за во ГТЗ-работилница
- Донесување предлог одлука за утврдување на финансискиот план на училиштето за 2026 година и давање предлог до основачот за усвојување

- Разгледување и донесување на одлука за одобрување напрограмата училишната екскурзијазаучебна 2025/2026 година.
- Донесување одлука за формирање комисија која ќе спроведе постапка за прибирање понуди со спроведување јавен оглас за реализација на училишна екскурзија за ученици од трета година.
- Донесување на одлука за попис на инвентарот и средствата на Центарот за 2025година и формирање на пописна комисија.

- Разгледување на документите на кандидатите по објавениот оглас за пополнување на работни места на определено работно време и давање предлог до директорот.
- Донесување на одлука за избор на најповолен понудувач за спроведување на ученичка екскурзија за учебната 2025/2026 година за учениците од трета година
- Разгледување и донесување на одлука за усвојување на предлог планот за јавни набавки за 2026 година за потребите на ОЕМУЦ "Св.Наум Охридски"-Охрид, донесен од Директорот на Центарот

Поради завршување на мандатот на членовите на Училишниот одбор од редот на наставниците и притоа по организираниот избор на нови членови беше одржан состанок на УО кој го водеше најстариот член Павел Попоски со следниот дневен ред:

- Верификација на мандатот на новоизбраните членови на УО
- Избор на претседател на УО

  По првата точка од дневниот ред беше верификуван мандатот на новите членови од редот на нставниците и тоа: Стојан Новески, Наташа Јанкоска Китани, Марија Настоски и Горан Јанковски.

  По втората точка од дневниот ред за претседател на УО едногласно беше избран Стојан Новески.

Во наредниот период беа одржани уште 5 седници на Училишниот одбор на кои беа разгледувани и донесени следните одлуки:

- Верификација на мандатот на новоизбраните членови на УО од Локална самоуправа (Павел Попоски, Марјан Бошалески, Винета Стојаноска
- Донесување одлука за избор на заменик претседател на Училишниот Одбор.
- Разгледување и усвојување на извештајот од Централната комисија за попис за 2025 година;
- Разгледување на финансиското и материјалното работење на Центарот за периодот од 01.01.2025 до 31.12.2025 година и давање предлог до Советот на Општина Охрид за усвојување на завршните сметки за 2025 година.

- Разгледување и донесување на одлука за усвојување на предлог измените-дополнување на планот за јавни набавки за 2026 година за потребите на ОЕМУЦ "Св.Наум Охридски"-Охрид, донесен од Директорот на Центарот.
- Разгледување и донесување одлука за усвојување на измените на правилникот за начинот на вршење на видео надзор во ОЕМУЦ "Св.Наум Охридски"-Охрид .
- Донесување на одлука за именување на членови на комисија за спроведување набавки за избор на најповолни економски оператори, за постапки за наменско користење на средства кои училиштето ги собира за родителите , односно старателите на учениците
- Разгледување и донесување одлука за прифаќање или одбивање на предлог од Комисијата за спроведување на набавка за избор на најповолен економски оператор односно понуда за постапка за наменско користење на средствата кои училиштето ги собира од родителите/старателите на учениците.
- Разгледување и донесување одлука за усвојување на интерниот акт – Протокол за постапка за пријавување и заштита на ученик жртва на која било од формите на насилство, злоупотреба и занемарување
- Разгледување и усвојување на правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за избор и прогласување на првенец на генерација во ОЕМУЦ "Св.Наум Охридски"-Охрид
- Разгледување и усвојување на извештајот за реализираната училишна екскурзија за учениците од трета година за учебна 2025/2026 година.

Претседател на Училишен одбор

Стојан Новески

Советот на родители во текот на учебната 2025/26 година одржа 5 состаноци по прашања што се во нивна надлежност и тоа:

- Кооптирање на нови членови во Советот на родители
- Разгледување и усвојување на Програмата за работа на Советот на родители
- Запознавање со упехот и поведението на учениците по класификациони периоди;
- Избор на најповолна понуда за осигурување на учениците;
- Давање мислење за Програми за ученички екскурзии
- Одржана работилница на тема,, Здрави врски-основа за ментално здравје,,.

Значајна улога во воспитно-образовниот процес имаат стручните активи. Во нашиот Центар во учебната 2025/26 работеа по план и програма следните активи: актив на општообразовна група предмети, актив по електро група предмети, актив по машинска група предмети, актив по сообраќајна група предмети и лични услуги.

Активот по општообразовната група предмети

Активности на општообразовниот актив

Активот по општообразовна група предмети во текот на учебната 2025/26 година одржа 5 состаноци, на кои се дискутираше за :

- Потреби од матерјално-технички средства за учебната 2025/26 год..
- Активности за организација на Патрониот празник на училиштето
- Предлог-план за упис на ученици во прва година по струки и образовни профили во учебната 2026/2027 година
- Анализа на успехот и поведението на учениците по општообразовните предмети за прво полугодие од учебната 2025/26 година
- Давање предлог за членови на Училиштен одбор
- Давање предлог распределба на часови за учебната 2026/27 година

На ден 25.12.2025година беше одбележан патрониот празник и 59 години од постоењето на ОЕМУЦ „Свети Наум Охридски". Настанот беше збогатен со рецитал, музичка програма. Беа доделени и награди за најуспешните ученици на меѓународни, државни, регионални и спортски натпревари. По повод Патрониот празник на Центарот од страна на училиштето беше организиран ликовен и литературен конкурс на слободни теми. На ликовниот конкурс ученичката Мелани Тасеска од IV 4 го освои првото место, ученичката Матеа Стојкоска од I к го освои второто место, а Јована Јовческа од Iс клас го освои трето место. На литературниот конкурс по повод патрониот празник на училиштето наградени беа:Јована Јовческа од I-с, прво место, Јана Кузманоска од IV-4, второ место, а Анастасија Котоска I-5 и Андреј Бежоски од I-б го делеа третото место

На ден 27.4.2026 г., ученици од прва до четврта година од ОЕМУЦ „Св. Наум Охридски" од Охрид, придружувани од професорките по македонски јазик: Билјана Попоска, Жармена Китрозоска, Ирена Ралева-Најдевска, Милица Ристевска и Магдалена Ѓероска-Радическа, со поддршка од директорот на Центарот, Сашо Недески, реализираа едукативна посета на Саемот на книгата во Скопје. Посетата беше организирана со цел да се поттикне интересот на учениците кон литературата, да се збогати нивното читателско искуство и да се негува трајна навика за читање книги.

Учениците имаа можност да се запознаат со најновите изданија, да разгледаат разновидна книжевна понуда и да ја почувствуваат атмосферата на еден од најзначајните културни настани во земјата.

На 29.4.2026 година, учениците од ОЕМУЦ „Св. Наум Охридски“ – Охрид, под менторство на проф. Жармена Китрозоска, организираа хуманитарен концерт со цел да се обезбеди помош на матурантите од социјално загрозените семејства. На настанот кој се случи во спортскиот терен на ОЕМУЦ „Св. Наум Охридски", учениците од Центарот ги покажаа своите таленти во музика, танцување и стендап уметност.
На ден 7.5.2026 г. учениците од Центарот зедоа учество во хуманитарната трка „Од срце трчај, со срце дарувај за малата Ева“ организирана од страна на СОСУ „Св. Кирил и Методиј"- Охрид со цел собирање средства за лекувањето на Ева.

На ден 9 мај 2026 година. во Скопје се одржа државниот натпревар по англиски јазик, каде учениците:
-Кирил Крстески, ученик од трета година, освои втора награда под менторство на проф. Мануела Брдароска-Јанкоска.
-Дарко Митрески, ученик од втора година, се закити со трета награда, под менторство на проф. Борка Секулоска-Вретоска.
На ден 20.05.2026 година учениците од ОЕМУЦ "Св.Наум Охридски" освоија прво место од општинската лига во Одбојка за средни училишта во машка конкуренција и трето место од општинската лига во Одбојка за средни училишта во женска конкуренција под менторство на професорот Ацо Чашитовски.
Проектите во кои се вклучени членови на активот, како и реализирани обуки, работилници, конференции се дадени во посебни поглавја во годишниот извештај.

Активот по електро група предмети

Активот по електро група предмети одржа 7 состаноци.

- Првиот се одржа на 1.10.2025 г. со следниот дневен ред: Проект поттикнување на практични и професионални вештини кај учениците-проект кој го спроведува Здружението на ЕМСУ потпомогнат од Занаетчиската комора – Скопје

- Вториот се одржа на 9.12.2025 г. со дневен ред: Информација за меѓ ународниот натпревар Балкан Јуниор 2025, одредување активности и доделување задолженија за организирање на Патрониот празник на училиштето
- Третиот состанок се одржа на 17.12.2025 г. со дневен ред: Предлагање на кандидати за членови на Училиштен одбород редовите на наставниот кадар
- Четвртиот состанок се одржа на 26.01.2026 г. со следниот дневен ред: Задолженија на професори во новите работилници, предлог програма – план за паралелки од електротехничка струка и профили од истата за упис на ученици во прва година во учебната 2026/2027 година
- Петтиот се одржа на 20.05.2026 г. со следниот дневен ред: Планирање активности, договор, задолженија на професори за Отворениот ден на училиштето
- Шестиот состанок се одржа на 23.06.2026 г. со следниот дневен ред: Предлог распределба на часови за учебната 2026/2027 година
- Седмиот се одржа на 01.07.2026 г. Со дневен ред: Предлог за член на УО на центарот од ред на наставен кадар поради заминување на актуелен член на друго работно место

Се дискутираше за организирање на натпревари во 2025, 2026 година, предлог распределба на часови во учебната 2026/2027 година, изработка на предлог теоретски задачи тестови и практични задачи за државниот натпревар на ЗЕМСУ, изготвување на тестови за завршен испит и организирање на отворениот ден на училиштето.

Во учебната 2025/2026 година се одржаа повеќе натпревари, а постигнати се следниве резултати:

- Регионален натпревар во вештини Skills Competition кој оваа година Здружението на ЕМСУ на Македонија ги организира по прв пат како дел од активностите на Проектот, насловен како „Поттикнување на практични и професионални вештини кај учениците за Skills Competition во духот на

EuroSkills“, финансиран од Европска Унија и имплементиран од Занаетчиска комора Скопје, на ниво на државата, одржан на 13.03.2026 г. во Охрид:

I место Васко Чуркоски во дисциплината Електротехничар-енергетичар

Ментори: Горан Јанковски и Марија Настоски

II место Владимир Каланоски во дисциплината Електротехничар за компјутерска техника и автоматика

Ментори: Ацо Вретоски и Гоце Ѓорѓиевски.

- регионалните натпревари за учениците од електротехничката, машинска и сообраќајна струка одржани на 19.03.2026 г. во ДСУ РЦСОО „Ѓорѓи Наумов“ – Битола.

II место Ангелина Симиџиоска – Техничар за индустриска мехатроника

Ментори: Љупчо Балески и Владо Јанкулоски

II место Христијан Белески – Електротехничар-енергетичар

Ментори: Владо Јанкулоски и Сашо Ѓоргиески

III место Димитар Шеремнтески – Електротехничар за електроника и телекомуникации

Ментори: Сашо Ангелоски, Владо Јанкулоски, Билјана Аврамоска и Љупчо Балески

III место Ксенија Димоска – Електротехничар за компјутерска техника и автоматика

Ментори: Сања Јованоска, Владо Јанкулоски, Љупчо Балески и Јане Цаноски

- Државниот натпревар за средни електротехнички, машински и сообраќајни училишта – настан кој ги обединува знаењето, талентот и иднината на стручното образование оваа година се одржа во Кавадарци на 8 и 9 мај 2026 година.

Профил Електроника и телекомуникации

Димитар Шеремнтоски – прво место (ментори: Сашо Ангелоски, Владо Јанкулоски, Билјана Аврамоска и Љупчо Балески)

Профил Техничар за индустриска мехатроника

Ангелина Симиџиоска – второ место (ментори: Љупчо Балески и Владо Јанкулоски)

Учениците кои учествуваа со трудови од струката – КТИА освоија пофалници:

„АИ базирана верзија на паметна соба“

Јана Кузманоска, Марко Попоски и Александар Стојаноски под менторство на Сања Јованоска

„Транспортен систем за автоматско препознавање и сортирање на предмети според боја"

Андреа Савиќ, Славчо Мургоски и Кети Јоноска под менторство на Владо Јанкулоски

- На 12.05.2025 година во Скопје се одржа Националниот натпревар на вештини, каде нашите ученици постигнаа одлични резултати и уште еднаш покажаа дека талентот и учењето создаваат успех.

Прво место: Владимир Каланоски – Компјутерска техника и автоматика (ментори: Ацо Вретоски и Гоце Ѓорѓиевски)

Второ место: Васко Чуркоски – Електроенергетика (ментори: Горан Јанкоски и Марија Настоски)

- На 22.05.2026 година, во Ваљево, Србија, се одржа XII-от меѓународен натпревар во мехатроника, инженерство и електротехника **Balkan Junior 2026**. Нашиот тим, составен од учениците **Анастасија Стефановска** и **Филип Кузески** од III-4, од образовниот профил *електротехничар за компјутерска техника и автоматика*, под менторство на професорите **Љупчо Балески**, **Јован Шикоски** и **Ангеле Буџакоски**, постигна **одличен резултат** – **трето место** во силна конкуренција од 8 балкански држави!
- Во организација на "Народна техника на Македонија" на 17.5.2025 г. во ОСТУ „Наце Буѓони" – Куманово се одржа 61. државен натпревар на млади истражувачи од Македонија. Ученикот од I-4 Наум Смилевски од ОЕМУЦ „Св. Наум Охридски" во категоријата автоматика и роботика освои I место.

На 22.05.2026 г. училиштето организира ден на отворени врати преку кој учениците од завршните одделенија во основните училишта се запознаа со профилите од електротехничката струка.

Членот на активот Љупчо Балески беше вклучен во изготвување и реализација на Завршниот испит по германски стандарди за четвртата генерација на ученици кои завршуваат средно образование од профилот Техничар за индустриска мехатроника според моделот на дуално образование. Оваа активност е спроведена од страна на Делегацијата на германското стопанство во РСМ.

Проектите во кои се вклучени членови на активот , како и реализирани обули, работилници, конференции, семинари се дадени во посебни поглавја во годишниот извештај.

ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА МАШИНСКИОТ АКТИВ
во учебната 2025/26 год.

Активот на машинска група на предмети учествуваше во изработка и спроведување на годишната програма во учебната 2025/2026 година. При тоа ги одреди своите активности, време на извршување, носители и цели на активностите.

Машинскиот актив во текот учебната 2025/26 година одржа пет состаноци на кои навремено изврши распределба на задолженија за реализација на наставата, слободните часови и други активности.

Според изработената програма и предвидените активности, на состаноците од активот опфатени беа следните активности:

- Информација за Упатството за потребниот број на работници во јавните средни училишта во република Македонија
- Набавка на материјали за реализација на наставата во учебната 2026/27 година
- Презентација на задачата за Балкан јуниор

- Информација за меѓународниот натпревар Балкан Јуниор 2026
- Активности и задолженија по повод Патрониот празник на училиштето
- Распределба на кабинети во работилници
- Предлог план за профили паралелки од машинска струка за упис на ученици во прва година во учебната 2026/2027 година
- Подготовка, задолженија и договор за отворениот ден на училиштето
- Предлог распределба на часови за учебната 2026/27 година
- Писмена информација за активности, обуки, семинари, натпревари во оваа учебна година
- Насоки за реализирање на наставната програма според препораките на ЦСОО;
- Подготовка и избор на ученици за натпреварот Балкан Јуниор и натпреварот во вештини EuroSkills.
- Активно учество во реализација на активности во врска со прославата на Патрониот празник;
- Избор и реализација на проектни задачи и тестови за државна матура и завршен испит;
- Спроведување на училишни натпревари за ученици за регионалните натпревари на ЗЕМСУ
- Избор на ментори за учениците за подготовка на учениците за регионалните и државниот натпревар на ЗЕМСУ
- Изготвување на тестови за завршен испит
- Анализа на успехот и поведението на учениците на крајот од првото тромесечие, на првото полугодие и на крајот од учебната година;
- Одржување на дополнителна и консултативна настава по одделни предмети;
- Анализа на постигнатиот успех и поведение на учениците на крајот од учебната година;
- Информација за реализација на наставниот план и програма на крајот од учебната година;
- Анализа на состојбата на запишани ученици после трите уписни рока.

Членовите на активот зедоа активно учество во подготовката на учениците за Државниот натпревар на електромашинските и сообраќајни центри на РСМ, при што беа постигнати следните резултати:

Второ место на ученичката Бојана Илиеска од образовниот профил Техничар за производно машинство под менторство на професорите Стојан Новески, Владо Трајчески и Тоде Дукоски

Трето место на ученичката Ангела Божиноска од образовниот профил Машински техничар под менторство на професорите Владо Трајчески, Никола Сиљаноски, Тоде Дукоски.

Свое учество на овој натпревар имаше ученичката Сара Блажеска од образовниот профил Техничар за компјутерско управување и ученикот Стефан Думитријески од профилот Машински техничар за моторни возила кои добија Пофалници и кои со успех го претставија нашето училиште.

Исто така **за потребите** на меѓународниот натпревар од областа на машинство и електротехника „Балкан Јуниор 2026" кој се одржа во Ваљево, Република Србија, активно учество имаше проф. Ангела Буџакоски и беше освоено 3 место.

Во текот на оваа учебна година за првпат беше организиран натпревар EuroSkills во организација на здружението ЗЕМСУ и Занаетчиската комора на Македонија во кој активно учество земаа проф. Стојан Новески и Ангеле Буџакоски кои ги спремаа учениците Крсте Упески за профилот заварувач и Филип Цветкоски за профилот автомеханичар и притоа во нашето училиште беше успешно реализиран и Регионалниот натпревар.

Со право на учество се здоби ученикот Филип Цветкоски кој на Државниот наптревар под менторство на проф. Ангеле Буџакоски го освои третото место.

За реализацијата на Учење преку работа за учебната 2025/26 година се склучија договори со компаниите ЛТХ Леарница, Костал,Братство Инокс, Мегасеф, ДАС Инженеринг, Турист инженеринг, Хексагон Охрид,АСП Охрид, Ѓемс ДООЕЛ и автосервисите: Номче, Аце, Авто-Нет, Јоцо, Златни Зраци, Игор, Марио и Бојан2 019 со што се опфатени со договори за УПР сите образовни профили за новата учебна година.

Членот на активот Стојан Новески беше вклучен во изготвување и реализација на Завршниот испит по германски стандарди за учениците кои завршуваат средно образование од профилот Техничар за производно машинство според моделот на дуално образование. Оваа активност е спроведена од страна на Делегацијата на германското стопанство во РСМ.

Во текот на оваа година за потребите на ативот при реализација на наставните содржини беа набавени алати, мерни инструменти и друга опрема.

Активот по машинска група на предмети низ целата учебна година, редовно го следеше оценувањето на учениците и постигнатиот успех по одржаните класни совети на паралелките, бараше различни форми и методи за подобрување на успехот на учениците. Членовите на активот одржуваа дополнителна и консултативна настава по одредени предмети, каде што имаше потешкотии во совладување на наставата. Исто така низ целата година одржуваше консултативна настава за вонредните ученици кои се запишани во машинската струка.

Бидејќи една од целите на стручното образование е менување на улогата на наставникот во наставниот процес и приближување до дигитални содржини, во текот на оваа учебна година беа реализирани обуки кои се дадени во одделот – стручно усовршување на наставниот кадар.

Претседател на стручен актив
Стојан Новески

Извештај за работа на активот по сообраќајна група предмети за учебната 2025/2026 година

Во текот на учебната 2025/26 година активот одржа пет состаноци. Во текот на учебната година активот:

1. предложи распределба на часови и други задолженија;
2. направи анализа на постигнатиот успех на учениците по тримесечија;
3. изготви тест за регионалниот натпревар за образовниот профил Техничар за патен сообраќај;

4. изврши подготовка за Отворниот ден на училиштето во функција на промоција на сообраќајната струка пред учениците од IX – то одделение и соработката со бизнис секторот од општината;

5. изготви план и организација за презентирање и учествуваше во презентирање на сообраќајната струка и образовниот профил во основните училишта во основните училишта од општините Охрид, Дебрца, Ресен и Струга;

6. изготви план и организација за кабинетска настава;

7. изготви план за набавка на нагледни средства и потрошен материјал;

8. На ден 17.04. 2026 год. Во организација на Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата и општинскиот совет за детско престапништво се одржа сообраќајно едукативниот проект ,, Општински семафор 2026, наменет за едукација на децата и младите од областа на сообраќајот и јакнење на нивната сообраќајна безбедноста култура.Во проектот учествуваа учениците:Марија Алексоска, Виктор Мијакоски и Андреј Наумоски под менторство на проф. Ѓоко Милески и Наташа Гредоска.

9. На 28.04.2026 на Техничкиот факултет во Битола при универзитетот,, Св. Климент Охридски,, се одржа (,, IDEATHON – Traffic Engineering$ Graphic Design,,).На натпреварот учествуваа ученицита: Јована Димитриоска, Јована Тодороска и Стефанија Глигороска под менторство на проф. Наташа Гредоска.

10. предлог области за проектни задачи за завршен испит и државна матура;

11. предлог план за упис за следната 2026/27 учебна година

12. изврши анализа за успехот и поведението на запишаните и одбиените ученици во прва година за учебната 2026/27.

13. Активот успешни работни средби со СВР - МВР Охрид, како и со секторот за Сообраќај и Урбанизам при Локалната самоуправа од Охрид, во функција на потпишување Меморандуми за соработка и прифаќање ученици за Учење преку работа;

14. Ученичката Христина Василевска од III – С, од образовниот профил Техничар за патен сообраќај, во март 2026 г., учествуваше на Регионалниот натпревар организиран од Здружението на СЕМУЦ и го освои првото место, а на Државниот натпревар на СЕМУЦ, одржан на 07/08.05. 2026 г. во Кавадарци го освои третото место.

Бидејќи една од целите на стручното образование е менување на улогата на наставникот во наставниот процес и приближување до дигитални содржини, во текот на оваа учебна година беа реализирани обуки кои се дадени во одделот – стручно усовршување на наставниот кадар.

Претседател на актив
Ѓоко Милески

Извештај од работата на Активот по козметичка група на предмети за учебната 2025/2026

Во текот на годината беа реализирани 7 состаноци. На истите се дискутираа и разгледуваа следните точки:

- Примена на информатичко - комуникациска технологија во наставата, размена на искуства и стручна литература со цел нејзино подобрување;
- Меѓусебно набљудување на практични часови, анализа, размена на искуства, предлози и идеи за примена на современи техники во наставата;
- Изготвување на годишни и тематски распределенија;
- Давање предлог кандидати за членови на Училишниот одбор;
- Организирање на практични вежби помеѓу класовите од различни години со цел нивно дружење и размена на искуства и знаења;
- Изработка на план и договори за изведување на практична настава по салони;

- Снимање на видео за презентација на струката лични услуги како дел од промоција на целото училиште;
- Организација на училишен натпревар за избор на ученици за натпреварот во струката „Skills 4future"
- Подготовка и избор на ученици за МАССУМ – презентација преку практична работа на струката лични услуги;
- Посети на основните училишта во градот и околните места, каде е извршена презентација на струката пред деветтите одделенија;
- Организирање на „Отворен ден на училиштето" за посета на деветтите одделенија од основните училишта со цел запознавање со начинот на работа на струката лични услуги.
- Изготвување на план за распределба на часови.

На **Советите на паралелките во учебната 2025/26 година** се работеше согласно планираните активности и се одржаа 5 редовни наставнички совети и повеќе вонредени за класовите за кои тековно ќе се јавеше потреба. Активностите кои се реализираа се: број и структура на запишаните ученици, снабденост со учебници и други помагала, анализа на успехот и поведението со посебен осврт на проблематичните ученици, сведување на општиот, поединечниот успех и поведение на учениците,разгледување на однесувањето на поедини ученици,изрекување педагошки мерки, реализација на наставниот план и програма и др.

V СТРУЧНО УСОВРШУВАЊЕ НА НАСТАВНИОТ КАДАР

Во однос на стручното усовршување на наставниот кадар учебната 2025/26 година се одржаа следните обуки,работилници, вебинари, конференции, тренинг програми, микро курсеви:

Учество на обуки во учебната 2025/26 година.

Онлајн Обука,, Законски обврски и стратегии за справување со насилство и ученичко учество,, за сите наставници и стручни соработници.

Проф.Јорданка Недеска Симициоска

- EUIPO Teacher Training: AI in the classroom- A teacher's Roadmap to AI Litreracy and IP (25.9.2025)
- Примена на дигитални алатки за интерактивна и персонализирана настава 21.08.2025
- Поттикнување одржлив начин на размислување кај учениците за решавање на глобални еколошки предизвици 26.09.2025

AIatWork онлајн обуки:

- From Messy Document → AI Template → Standardized Output (8.3.2026)
- Build Simple Work Tools with Claude (9.3.2026)
- Internal AI Knowledge Assistants (10.3.2026)
- AI for Root Cause Analysis and Variance Explanation (27.3.2026)
- Architecting Knowledge Assistants (23.4.2026)
- AI for Internal Policies & Guidelines (28.4.2026)
- The Superproductive UXer: Working Faster and Smarter with AI (29.4.2026)
- AI for Pricing and Profitability: Understanding the financial impact of sales decisions (6.5.2026)
- ChatGPT & Claude: Setup, Personalization & Key Features (7.5.2026)
- Workforce Planning & Succession Strategy with AI (10.5.2026)
- Customer Insights & VoC Analysis with AI (12.5.2026)
- Handling Structured Data (Tables → Models → Pipelines) (15.5.2026)
- Build Prototyping & Visual Assets with Claude Design (2.6.2026)
- Working with Long Documents: Compare, Track Changes & Extract Impacts with AI (6.6.2026)

- Inside LLMs: Tokens, Context, and How AI Processes Information (10.6.2026)
- AI for Demand, Pipeline & Scenario Planning (1.7.2026)

Конференции:

- „ Digitalno obrazovanje 2025“ (24-25.10.2025)
- „ Celebrating what unit us“ – eTwinning conference (23-25.10.2026)

Вебинари:

- Empowering youth voices-PulseZ media jam 30.10.2025
- eTwinning eSafety webinar – Smart & Safe Collaboration 25.02.2026
- Вебинар „DataPro Hybrid conference“, 20.05.2026

Обука „Јакнење на капацитетите на стручните лица за превенција од употреба на дроги во училиштата”

Проф. Билјана Божиноска – граѓанско образование

Обука:„Воспоставување национален систем за превенција од употреба на дроги во училиштата“,поддржан од Европска унија, програма Европски инструмент за демократија и човекови права (EIDHR).

Обука „Јакнење на капацитетите на стручните лица за превенција од употреба на дроги во училиштата.

Времетраење од 16-19.06.2026

Проф.Жанета Стаиќ -Обука „Јакнење на капацитетите на стручните лица за превенција од употреба на дроги во училиштата”

Проф. Климент Спасески

Тренинг програма реализирана октомври-мај 2025-26 со наставници-професори по Историја, организирана од ,,Мировна акција,, Прилеп и Асоцијација на наставници по историја на Македонија (АНИМ)

,,Холокаустот како појдовна точка,, семинар организиран од ,,Меморијален центар на холокаустот на евреите од Македонија,, и ,,Memorial de la Shoah,, Paris.

Реализиран од 19 до 21 март 2026 година.Одобрен од МОН , БРО, и Министерство за образование, истражување и религии на Грција

Проф. Мануела Јанкоска-Брдароска и Борка Секулоска-Вретоска

1.,,Зајакнување на вештините на стручните соработници за советување за професионална и кариерна ориентација кај учениците" од подрачјето Работа со учениците на основни професионални компетенции 8 часа (октомври 2025)

2.Воведна обука за кариерно советување во средните училишта (3 часа) ноември 2025

3.Национална почетна конференција Подготви се за работа преку кариерно насочување (20 април 2026)

4,,Напредни техники и алатки за кариерно советување и за индивидуално насочување и поддршка на учениците" 18 часа (11-13 мај-СТРУГА)

Педагог Анастасија Трифуноска и проф./библиотекар Милица Ристевска

1.,,Зајакнување на вештините на стручните соработници за советување за професионална и кариерна ориентација кај учениците" од подрачјето Работа со учениците на основни професионални компетенции 8 часа (октомври 2025)

Педагог Анастасија Трифуноска

Онлајн работилница ,, Превенција на сексуално насилство врз деца,, во рамки на проект ,, поддршка на ЕУ за владеење на правото,,.

Проф.**Љупчо Балески** учествуваше на **XLIX Меѓународна научна конференција „Наставник на иднината"**

Обуки:проф.Љупчо Балески

- Примена на дигитални алатки за интерактивна и персонализирана настава 21.08.2025
- AI in the classroom: A teacher's roadmap to AI literacy and IP 25.09.2025
- Поттикнување одржлив начин на размислување кај учениците за решавање на глобални еколошки предизвици 26.09.2025
- Latest Digital, ICT & AI Solutions for Educators: Transform Teaching with Technology, ChatGPT, DeepSeek, Multimedia, Storytelling, Game-Based Learning & Smart Assessment Strategies 22.06-26.06.2026 Сплит, Хрватска

AIatWork online обуки:

- Automation Tools Walkthrough (n8n / Make / Zapier) 27.02.2026
- Building Smart Work Tools with Claude 06.03.2026
- Internal AI knowledge assistants 09.03.2026
- Ubderstanding APIs and connectors 13.03.2026
- From insight to experience: designing growth experiments with AI 16.03.2026
- Advanced prompt engineering for builders 23.03.2026
- AI for root cause analysis and variance explanation 26.03.202
- AI inside Microsoft 365 and Google Workspace 01.04.2026
- Designing automation triggers and events 04.04.2026
- AI risk, governance and policy leadres 15.04.2026
- AI Creation and possibility: from playfull experiments to real AI created products 17.04.2026
- Architecting knowledge assistants 23.04.2026
- Behind openclaw: How to build agents that users will love 26.04.2026
- AI for internal policies guidelines 28.04.2026
- ChatGPT claude setup personalization key features 08.05.2026
- Workforce planning succession strategy with AI 10.05.2026
- Customer insights voc analysis with AI 12.05.2026
- Handling structured data tables models pipelines 15.05.2026
- Designing ux systems with ai from flow to interface 17.05.2026

- Everyday excel with ai cleaning structuring explaining data 19.05.2026
- Building apps with lovable 22.05.2026
- Build prototyping visual assets with claude design 04.06.2026
- Inside llms tokens context and how ai processes information 11.06.2026
- Designing multin agent systems orchestration patterns in practice 17.06.2026
- Making AI workflows reliable consistent 28.06.2026

4. Конференции:

- eTwinning годишна конференција „Celebrating what unite us" 23.10-25.10.2025
- Меѓународна online конференција „Digitalno obrazovanje 2025" 24.10-25.10.2025

5. Семинари:

- Empowering youth voices-PulseZ media jam 30.10.2025
- eTwinning eSafety webinar – Smart & Safe Collaboration 25.02.2026
- Вебинар „DataPro Hybrid conference", 20.05.2026

Обуки (Сертифицирани) проф. **Марија Настоски**

1. Поттикнување одржлив начин на размислување кај учениците за решавање на глобалните еколошки предизвици –септември 2025
2. AI Navigators: Empowering Teachers for the AI Era- 10.11.2025

Обуки (Несертифицирани)

1. AI Navigators: Empowering Teachers for the AI Era- март 2026
2. Обука за координатори од ЦССО 02.07.2027
3. Обука за skills competiton – октомври 2025

Сите членови на активот во месец ноември 2025 г. реализираа обука за наставници од средните училишта на тема: Примена на дигитални алатки за интерактивна и персонализирана настава. Обуката е акредитирана од страна на Бирото за развој на

образованието и истата е реализирана од акредитиран провајдер за обуки на наставници ОЗ Инвест-Скопје.

Сите членови на активот по електро група предмети во месец септември 2025 г. реализираа обука за наставници од средните училишта на тема: Поттикнување одржлив начин на размислување кај учениците за решавање на глобалните еколошки предизвици. Обуката е акредитирана од страна на Бирото за развој на образованието и истата е реализирана од акредитиран провајдер за обуки на наставници CES Academy-Скопје.

Проф. Сања Јованоска AIatWork online обуки:

Микро курсеви	
• The Future of Recruitment with AI: How companies use AI to hire, and how to stand out	03.10.2025
• Writing with AI: A Practical Guide to Better Blogs & Articles	07.10.2025
• Build Better Presentations, Faster: Designing Slides with AI and Canva vs AI and Gamma	16.10.2025
• AI Image Generation for Beginners: Create Graphics with Google Gemini (Nano Banana)	22.10.2025
• Advanced Prompting for Smarter AI Use	05.11.2025
• AI Scams and Deepfakes: A Practical Guide to Staying Safe and Protecting Your Privacy in the Age of AI	12.11.2025
• AI for Fast Prototyping: Figma AI & Figma Make	15.11.2025
• Smarter Documents with AI: Docs Made Easy	20.11.2025
• Get Started with M365 Copilot: AI for Your Daily Tasks	27.11.2025
• The E-commerce agent: how AI shops, compares &	11.12.2025

recommends	
• Full-Stack Recruiting in the Age of AI	16.12.2025
• Beyond the Hype: A Business First Approach to AI for Marketing	18.12.2025
• The State of AI Today and What's on the Horizon for 2026	23.12.2025
• Your AI Vision Board for 2026 - EXTENDED SESSION	23.12.2025
• Grounded AI with NotebookLM	13.01.2026
• Generative Engine Optimization (GEO) 101	16.01.2026
• Make Budgeting Simple: How AI Can Organize Your Expenses	21.01.2026
• Video Generation with Generative AI	22.01.2026
• AI as Your Thinking Partner: Reflection, Learning and Intentional Career Development	25.01.2026
• From Business Problem to AI Agent: Designing and Building Solutions with Copilot Studio - - EXTENDED SESSION	26.01.2026
• AI in Project Management	27.01.2026
• AI in Pharma: Introduction & Applications for Business Leaders - - EXTENDED SESSION	31.01.2026
• Transforming Financial & Operational Analysis with GenAI - EXTENDED SESSION	03.02.2026
• Build Your Own RAG AI: Privacy-First Apps with Zero Cost and No API Keys	12.02.2026
• AI in Change Management: Driving Real Adoption in Teams	13.02.2026

• Model Reasoning: How AI "Thinks"	13.02.2026
• Recruitment & AI-Assisted Interviews	16.02.2026
• AI for Product Discovery Synthesis	18.02.2026
• From Messy Document → AI Template → Standardized Output	25.02.2026
• AI for Messaging and Influence - From Insight to On-Brand Communication	25.02.2026
• Digital Twins for Processes - Simulating Work Processes to Improve Decisions	26.02.2026
• Automation Tools Walkthrough (n8n / Make / Zapier)	27.02.2026
• Meta-Prompting: Designing Prompts That Think, Adapt, and Improve	03.03.2026
